Би биле потребно многу повеќе време, драги сонародници, отколку што тоа го дозволува времето предвидено за еден поздравен говор, за да се изнесат пред вас и само најкрупните достигања на националното, економското и просветно-културното поле во нашата Република.

Останатите членови на нашата делегација и јас, се надеваме, дека ќе имаме можност на овој Собир, да ве информираме подетално за достигањата од областа на културата, просветата и науката –тие основи на кои се гради една самосвојна, национална самобитност.

Јас, по животната професија како просветен и научен работник –еден од најстарите во Македонија –можа да ве известам за тоа дека развојот на просветниот, културниот и научниот живот во Македонија толку е издигнат и унапреден, што за резултат имаше, пред три години, оснувањето на највисоката научна установа, што една земја може да ја има, оснувањето на Македонската академија на науките и уметностите.

Формирањето на Македонската академија на науките и уметностите претставува круна не само на нашите денешни усилби, туку тоа значи и остварување на вековните идеали на најумните глави на македонскиот народ, започнувајќи од творецот на првата македонска просвета и литература, св. Климент Охридски, првиот јужнословенски и словенски светител учител, поет, беседник, човекот што на брегoвите на Охридското и Преспанското Езеро, пред повеќе од илјада години, формира прва книжевна школа –која се наречува уште и прв словенски универзитет- во која се изучиле околу 3500 учители и свештеници, - па преку илјадниците незнајни продолжувачи на неговото дело до Пејчиновиќа, Синаитски, Јордан Џинот, браќата Миладиновци, Жинзифов и Григор Прличев, до Крсте Мисирков, чедото на Постол (Ениџе-вардарско), познатиот макеонски идеолог, автор на познатото дело “За македонцките работи” (1903), во кое на еден совршен научен начин е докажана самобитноста на македонскиот народ, преку оснувачите

на ВМРО преку Кочо Рацин и Коле Неделковски, до пеменитите усилби на армијата учители, инженери, економисти, научници и други трудбеници на денешна Македонија. Во текот на изминатите 25 години слободен национален, просветен и културен живот во република Македонија, изградена е илјадитна плејада на просветни и научни работници, која со успех работи на истражувањето на историското минато на македонскиот народ, на откривањето на вистината за самобитноста на тој народ, на чиј јазик, со говорите од Солунско, започна најстарата словенска просвета и писменост, во 863 година, кога светите браќа од Солун, Кирил и Методија, и нивните верни ученици Климент и Наум Охридски – и толку други- ги откријa дверите на просветата, отворајќи им ги очите на заспаните словенски луѓе и воведувајќи ги во кругот на културните народи на Европа...

Македонските научни работници, во изминатите 25 години, објавија повеќе стотици дела и илјадници студии од разни области. Златен дел од трудовите на македонските научници биле изложувани и на разни меѓународни конгреси, каде биле сослушани со достојно внимание.

Од позначајните достигања на македонската наука, јас би ви обрнал вниманието само на неколку. Македонскиот читател, и секој друг, кој за тоа покаже интерес, ги има на расположение: "Историјата на македонскиот народ" (објавена во три големи книги), "Речникот на македонскиот јазик" (исто така објавен во три книги), "Македонската граматика" (две книги), "Историјата на македонскиот јазик", "Историјата на македонската црква", "Историјата на македонската литература", "Македонскиот правопис", "Македонските народни умотворби" и други капитални дела, меѓу кои спаѓаат и десетина двојазични речници...

Вас, се надевам, ќе ве интересира и тоа како добросовесните научници во светот гледаат на Македонија и најзината самобитност. Покрај извесен број фалсификатори и несовесни работници, кои со одредени политички цели му пристапуваат на така нареченото "македонско прашање", во светот на вистинската наука, кај сите народи, се повеќе се јавуваат добросовесни научници, кои даваат објективни дела за историјата, јазикот, литературата и фолклорот на македонскиот народ од неговите почетоци (од доселувањето на Балканот, преку Климент Охридски и вековите што се нижеле) до нашево време.

Скоро во сите земји во светот објавени се низа значај дела, во кои на објективен, чесен начин се пишува за нашата земја.

Нашата отвореност спрема целиот свет, пред се, се разбира, спрема добронамерниот и добросовесниот свет, вроди видливи резултати. На низа универзитети во светот се предава македонскиот јазик, се зборува за македонската историја, литература и фолклор.

Би било потребно многу повеќе време, од што ми стои на расположение, само за да можам да ги именувам научниците-македонолозите и нивните дела. Сепак, овој пат, ќе ви изнесам само неколку, позначајни примери.

После неколку школски граматики на македонскиот јазик, напишани од македонски автори, првата покрупна македонска граматика, напишана е на англиски јазик. Тоа е "Граматиката на македонскиот книжевен јазик", што ја напиша американскиот славист, проф. на Харвардскиот универзитет, Г. Хорас Ландт. Граматиката на проф. Ландт е објавена 1952 година и таа одигра несомнено значајна улога во запознавањето со македонскиот јазик од страна на низа слависти

во светот. (Во вашиот “Ilinden” македонски фамилијарен магазин, август 1961, објавен е еден ден од предго ворот на македонската граматика од Х. Ландт.)

Пред три години во Компјутерскиот центар на Западниот вашингтонски државен колеџ, Белингхам, Вашингтон, од страна на професорот Владимир Миличиќ, беше изработен “Обратниот речник на македонскиот јазик ”. Низа американски универзитетски професори објавиле повеќе студии за македонскиот јазик и литература. –Кога сме на Американскиот континент, да го споменам фактот дека познатиот македонски славист и поет, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, проф. Блаже Конески, пред кратко време беше прогласен за почесен доктор на Чикашкиот универзитет, што значи големо признание како за самиот Конески така и за нашата наука и за нашата земја.

Професорот на Лондонскиот универзитет Реџинал Дебреј, пред дваесетина години, во својата голема книга “Водач по словенските јазици”, доволно место му посвети и на македонскиот јазик.

Во Москва, и воопшто во Советскиот сојуз, објавени се поголем број трудови посветени на македонскиот јазик, фолклор и историја. Во 1863 година во Москва беше објавен “Македонско-рускиот речник” со 30.000 зборови. Автори на Речникот се Д. Толовски и В.М. Илич-Свитич, а редактор внукот на големиот романописец Лав Толстој, Никита И. Толстој. Никита Илич Толстој објави и една прекрасна студија за почетоците на формирањето на македонскиот книжевен јазик во средината на XIX столетие. Со македонскиот јазик и литература се баваат советските слависти и фолклористи: Берштејн, Усикова, Белјаева, Б. Путилов и др.

Верувам оти ви е познато дека минатата година во издание на Московскиот универзитет излезе курпната “Историја на Јужните и Западните Словени”, во која на објективен начин е изложена и историјата на македонскиот народ од неговото доселување на Балканот до нашиве дни.

Пред три години Бугарската академија на науките го издаде делото на својот член Иван Леков: “Сравнителна граматика на словенските јазици”. Во оваа книга македонскиот јазик рамно правно е разгледуван како и другите словенски јазици. Заради тоа делото набргу беше повлечено од продажба.

Во Италија постои многу живо интересирање за Македонија. Во 1967 година во Рим беше објавен првиот дел од “Италијанско-македонскиот речник”, од проф. Џорџо Нурџани. Проф. Нурџани објави повеќе книги за Македонија. Во Италија, во разни издавачки куќи, објавени се повеќе дела од македонски писатели во италијански (и паралелен македонски) јазик. (Во 1968 г. во Италија, на меѓународниот конкурс за поезиа првата награда ја доби македонкиот поет Гане Тодоровски). 1969 и 1970 година бележат значајни достигања во Италија, во врска со нашата земја, нашата култура и литература. Пред се, во февруари 1969 г., поповод отпразнувањето на 1100 годишницата од смртта на св. Кирил Солунски, во Рим се најдоа и повеќе делегации од Македонија, меѓу кои и делегација на македонската влада, Скопскиот универзитет “Кирил и Методиј” и Македонската академија на науките и уметностите. На свеченостите присуствуваше и делегација на Автокефалната македонска црква, во чиј состав влагаа и двајца митрополити, од кои еден беше митрополитот Американско-Канадско-Австралиски, неговото Високопреосвештенство Г. Кирил.

Покрај свеченостите, што се одржаа во катедралата св. Петар, а со кои раководеше самиот Папа Павле VI, и на кои, на почесно место, беа македонските

делегации, свечени богослужби беа одржани и во базиликата “св. Климент” во која се наоѓа гробот на св. Кирил Солунски.

Во катедралата св. Петар, по богослужбата, папата Павле VI се поздрави со членовите на македонската делегација, со тоа одавајќи им особена почит.

Во базиликата “св. Климент” македонските митрополити одржаа молебен и беа положени венци од македонските делегации.

Во текот на оваа година, поповод денот на св. Браќа од Солун, св. Кирил и Методија, во Рим престојуваа две службени делегации: државна и делегација на Автокефалната македонска црква, на чело со Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г. Доситеј, двајца митрополити и поголем број свештеници. Во државната делегација беше потпретседателот на Собранието на Македонија Ванчо Апостолски, со двајца министри, и претставители на Скопскот Универзитет “Кирил и Методија” и Македонската академија на науките и уметностите. Обете делегации беа примени во Ватикан од папата, кој покажа жив интерес за нашиот народ и за нашата земја. Покрај тоа делегациите беа примени од лордмерот на Рим и некои високи црковни лица, како и некои институции.

На гробот на св. Кирил Солунски беше поставена бакрена спомен плоча, знак на благодарност на македонскиот народ за големото дело на св. Кирил.

Во една римска сала оркестарот и хоро на Скопската опера и Радио-телевизија приреди ја концерт, што беше добро посетен од римските граѓани.

Оваа година во Фиренца беше објавено и едно крупно дело на професорот на Универзитетот во Милано, Д-р Бруно Мерици. Станува збор за “Историја на книжевностите на Југославија.” Во ова дело на македонската книжевност и се посветен и околу 50 страници и даден е совесен и потполн приказ на историјата на македонската книжевност од самите почетоци, од Климент Охридски, преку Црноризец Храбар, Пејчиновиќ, Миладиновци, Жинзифов, Прличев, Мисирков, Рацин до нашите денови. Ова е еден од најкомплетните прикази на македонската книжевност, што е даден од еден странски научник.

Уште еден настан, што се одигра во Италија, а е во врска со нашата литература. Македонскиот поет Гане Тодоровски, кој е присутен овде, минатата година, на еден муѓународен поетски конкурс, ја доби првата награда.

Покрај спомнатите научници, драги сонародници, сакам да ве известам дека знатен број слависти и фолклористи, и од други земји /на пример од Полска, Чехословачка, обете Германија, Франција, Израел, и др./ дале ценети трудови посветени на нашата историја, јазик и литература.

И така, со напорите на македонските научници, а со помош на југословенските и словенските научници, и таа на научници од целиот свет, се повеќе се открива вистината за македонскиот народ и за македонската земја.

Почитуван господин претседателе, завршувајќи го овој поздравен говор, ве молам од името на Матицата на иселеници на Македонија, да го примите овој скромен подарок кој се состои од колекција најнови одбрани македонски книжевни дела и дела со научен карактер. Нека овој подарок им послужи на членовите на „Јунајтед Маседонианс“ за да можат што подобро да се запознаат со минатото на својот народ, како и со денешните текови на Македонската литература, култура и наука.

Драги сонародници и сонароднички, почитувани господа гости и пријатели, пожелувајќи ви уште еднаш од името на нашата делегација плодна и успешна работа на вашиот собир, јас ви се заблагодарувам на нашето внимание.

Академик д-р Харалампие Поленаковиќ

Hristo Andonovski- Balkan Solidarity in the Past

The Balkan nations had a common historical destiny in the very distant past. Their roots can be found in the Byzantine middle ages. At the time of Ottoman rule, the Balkan peoples, for many centuries as neighbours, shared the same fate and suffered the same sufferings, rejoiced at the same joy and inevitably it was one neighbour influencing the other and vice versa. Proof of the above is the emergence of a series of common elements in the overall social and cultural life, customs and nature, folk wisdom, folklore, folk songs and dances.

Proof of the above is the emergence of a series of common elements in the overall social and cultural life, customs and nature, folk wisdom, folklore, folk songs and dances.

Given the fact that the roads to national liberation and emancipation are more or less the same, from the middle of the Balkan peoples, from time to time, certain individuals appeared and became interpreters of Balkan aspirations and ideals. One such person was Rigas Fereos, who two centuries ago emerged as the visionary of unity and cooperation of the Balkan peoples in their struggle for freedom and democracy.

Who was Rigas Fereos; a man closely linked with the history of the Balkan peoples whose name is written on the walls in Belgrade, the capital of the Socialist Federal Republic of Yugoslavia, and stands there as a shining example for current and future generations to remind them to strive for independence, unity and cooperation between all Balkan nations.

Rigas Fereos, or Velestinlis, was born in Velestina, Thessaly in 1757. When he was 19 years old, after a failed assassination attempt against him by a Turkish thug, Rigas fled to Mount Olympus where he joined a company of haiduks (rebels). From there he went to Mount Athos (Sveta Gora) where he joined an abbot who was his friend. Later, through Tsari Grad (Constantinople), he established links with the Phanariots and left for Vlashko (Wallachia). There, as his first job, he entered the services of Prince Muruzi and later he worked as a dragoman (translator) at the French consulate in Bucharest. In Wallachia, Rigas created a wide circle of acquaintances with various Greek, Serbian, Bulgarian, Romanian and other traders, writers and people who, from time to time, traveled all across central Europe.

The outbreak of the French Revolution in 1789 had a profound influence on Rigas and was the impetus for the fateful transformation of his revolutionary ideas, which started him working on the national liberation of the Greek people.

Rigas Fereos was one of the first people to see the necessity for a common struggle of all Balkan peoples for freedom from the Ottoman yoke. And not only did he feel the need for a common struggle, but he also actively advocated its implementation. Included among the dedicated members of the Heteria (a secret organization) that was organized by Rigas were personalities from all the Balkan countries; Serbians, Bulgarians, Albanians, Macedonians, Vlachs and others. Rigas was also in constant contact even with the Turks, Albanians and other Muslims. He had frequent correspondence with

Albanians, Ago Muhordari and Muhordar Potsa. (K. Paparigopoulos "History of the Greek Nation", Volume V, p. 212.)

Rigas, who through verse expressed his revolutionary ideas, in a patriotic song wrote:

"Bulgarians and Albanians, Serbians and Romeios (Greeks were called Romeios – Romans in those days),
Black and white in the company of the hopeless,
For freedom we will carry a sword!
To rid us of the wolves,
Who hold the yoke,
Both Christians and Turks,
Who cruelly oppress..."

Rigas did not have a narrow and hateful view of all the Ottomans and did not call for a struggle against them as a nation, but as the Sultan's bearers of oppression, violence and usurpation. That is why Rigas also called on the Ottomans to join that struggle as we saw in the above excerpt of his poem. According to Rigas, the Balkan peoples were nationally subjugated and oppressed, and the entire Ottoman Empire rested in darkness without rights or political freedom. Rigas, who became an advocate of the ideas of the great French Revolution of the 18th century, said that, in addition to the Christians and oppressed Turks, all the Balkan nations could join the struggle for a just, free and more conscious life. In one of his famous works, specifically in his constitution, in Article 34, Rigas invited all the Balkan peoples when he wrote: "The Bulgarian should intervene when the Greek suffers and the second for the first and the two together for the Albanian and for the Vlach." Rigas, in his endeavours to attract the Turks in the struggle for freedom, addressed the Pasha Pazvanoglu when he wrote the following in his patriotic song:

"What are you waiting for Pazvanoglu,
Standing there in thought.
Rebel in the Balkans,
Build a nest like an eagle,
Unite with the Raya,
If you want to win..."

As the first visionary of Balkan unity, Riga's plan, according to a consul's report sent to the Austro-Hungarian Emperor, was for him to go to the Peloponnesus, take over the leadership of the people of the Peloponnesus and free the peninsula, then cross into mainland Greece and unite with the people of Epirus but primarily with the belligerent Sulioti. Rigas then foresaw the formation of a Republic of Macedonia with all the nations living in Macedonia, and then he intended to cross into Albania.

The means for supporting the revolution, Rigas figured, would be provided through confiscations of the rich monasteries, while weapons and food would be provided by the population. Rigas placed high hopes in Napoleon Bonaparte, who was expected to intervene in favour of the oppressed Balkan people's struggle. His expectations and hopes were encouraged by the French occupation of the Ionian Islands. Rigas repeatedly tried to make contact with Napoleon through the French consul in Trieste. But his plan did not pan out because Napoleon proved himself not to be a liberator, as Rigas expected,

but an oppressor and an occupier. Rigas was betrayed to the Austrian authorities by Oikonomou from Kozheni and his movement, it was suspected, was infiltrated by the French.

Rigas Fereos was jailed on December 31, 1797 in Trieste and then taken to Vienna by escort. Captured with him were nine other people, including three Macedonians, one Cypriot, a Greek from Epirus, three from the island of Chios and one from Thessaly. After some long and secret negotiations between the Austro-Hungarian and Ottoman governments, the nine, on April 29, 1798, were unjustly handed over to the Ottoman Pasha in Belgrade, and on June 17, 1798 they were executed most probably in the Kalemegdan fortress in Belgrade.

Rigas's revolutionary plan suffered a setback. He himself sacrificed his own life on the altar of freedom, but his ideas, his patriotic songs, his proclamations continued to live and so did his immortal revolutionary work, energizing the enslaved Balkan nations and making them realize Rigas's ideas of freedom, cooperation and Balkan unity. The spirit of solidarity of the enslaved Balkan nations continued to live on after Rigas's death. Prominent leaders of the various nations gathered together and made arrangements for common goals.

Among the leaders of the Greek conspiratorial organization, known as "Filiki Eteria", for example, was Karagiorgi. He was among the first activists to conceive of the 1804 Serbian uprising. At the time Karagiorgi took an oath that he would forever hate the tyrants, and that he would forever fight for Serbia, Greece and the other nations under the Ottoman yoke, regardless of nationality or religion. (Philemon I. "Dokmion Istorias tis Elinikis epanastaseos", Vol I, p. 6.) The Greek rebel Georgakis Olimpios was among the first revolutionaries who, together with his comrades, tried to assist the Serbian rebellion. The same was done by Petar Ichko from Katranitsa, Chardaklia from Tetovo and many other Macedonians. Giorgi Savarkovski Bulgarski, a reformer and revolutionary, the Romanian Vladimirescu and others were closely associated with Rigas Fereos as pioneers of Balkan solidarity. The glittering list of Macedonians who participated in the Greek national uprising is long. Included among them were Hadji Christo from Ostrovo, Angel Gatso from Voden Region, Naum from Kostur Region, Panaiote Bino again from Voden Region, who with his courage became a legend in the Peloponnesus and in the Greek south.

The progressive Athenian newspaper "Esi" (Century) at the time tried to popularize the idea of Balkan unity and a Balkan federation, saying that typical students in Serbia walked in groups in the streets and squares of Belgrade, publicly and loudly singing Rigas Fereos's revolutionary songs while the Belgrade Pasha had built new jails and dungeons for them. It is worth mentioning at this point that the Macedonian revivalist Giorgi Dimkata from Solun worked for the newspaper after being expelled by the Turkish authorities and by the wealthy men from the school in Kostur where he was a teacher. In 1860 when Montenegro incited a rebellion, the Serbian government took the initiative to organize a Balkan alliance for freeing all the Balkan peoples. It was at this time that the Serbian government found understanding and readiness for joint action against the Ottoman Empire in Greece and Bulgaria.

At the same time Ilia Garashevich, an important Serbian politician, had close ties with the Greek ambassador in Constantinople. A Greek politician named Koumanoudis in Athens also worked along the same lines. A Commission to collect contributions for the Montenegrins and other Charity Commissions to collect aid for orphans and widows in

Serbia was also organized in the Greek capital. Garashanin was one of the first people to coin the phrase "The Balkans for the Balkan people", while Koletis, a Greek politician, was the first man in free Greece to work on a plan for Balkan cooperation and solidarity but was met with fierce opposition from the Great Powers which skillfully implemented the policy of "divide and conquer".

After Greece and Serbia had won their national freedom and independence, after the Russian-Turkish war of 1877/78 ended with the Treaty of San Stefano and after the Bulgarian kingdom was created, the brotherhood of the peoples under the Ottoman Empire began to weaken and the spirit of solidarity began to fade away along with the strong links to common beliefs, which were "one of the strongest ideological ties between the various nations". The flaming sermons delivered by Rigas from Fere, Karagiorgi, Rakovski, Vladimirescu, etc., about Balkan unity and brotherhood, were also forgotten.

Poisoned by the European Great Powers, the simple desires for unity and freedom for all Balkan nations were quickly replaced with desires for land expansion, trade, joining the feudal class, the Chifliks, Pan Hellenism, Pan Slavism, Pan Turkism, etc. The Greeks became obsessed with the idea of creating a "Greater Greece" extending from Kachanik to the north of the Black Sea. The Serbians became obsessed with resurrecting the Serbian Empire of Dumanovo. The Bulgarians became obsessed with creating a "Greater Bulgaria" that was to include all of Macedonia. Kleantis Nikolaides, a Greek journalist, in his extensive work entitled "History of Hellenism in the centre of Macedonia", has provided us with evidence which points to the great Greek nationalist organizations created in Macedonia in the middle of the last century; created under the guise of cultural institutions by the "Silogos pros dijdosim ton Ellinikon gramaton" (Society for the dissemination of Greek literacy) and others, which were all bankrolled by British governments.

Under the influence of the European Great Powers, extreme nationalist circles in the liberated Balkan countries: Greece, Serbia and, later, Bulgaria began to implement policies that worked against Balkan unity and solidarity. They began to work against the Balkan people's interests in general. A Greek journalist named Goudas, in his book entitled "Comparative lives", wrote: "Pan Hellenism, Pan Slavism, Pan Romanticism and Pan Mohammed-izm are the same raven..."

In time, especially in the circles of Balkan intellectuals, personalities and followers of Rigas's work continued to surface. One such person was a Greek writer named Alexandros Soutsos who, in one of his poems dedicated to Balkan unity, wrote:

"The Serbians are summoning us,
The Dachians are calling us.
Thessalians, Epiroti, Macedonians
And Thracians
And Athos to Emos and Pindus to Osa,
Are carrying this coloured call…"

When the Bulgarian patriot Giorgi Sava Rakovski visited Kanaris, an old Greek revolutionary from the Greek uprising of 1821, in Athens, and explained to him his plans for the Balkans, the old man rejoiced like a little child. While in Athens, Rakovski joined the ranks of a Macedonian organization established by Macedonian migrant workers and political migrants, who fought for a future Balkan federation. This organization, called

"Macedonian Heteria", was soon headed by Rakovski who selected his own Macedonian fighters and went to Vlashko (Walachia) to start a rebellion against the Ottoman oppressor there.

Rigas Fereos, the first fighter for Balkan unity and solidarity had no less influence on the freedom of the Romanian people and especially the youth. There are many Romanian sources of information that claim Rigas was one of the foremost bearers of the ideas of the French Revolution on Romanian soil. In Rigas's revolutionary Heteria, in addition to Serbians, Macedonians, Bulgarians and Albanians, there were also Romanians, including famous names such as Slatineanu and Golesku. The newspaper called "Greek newspaper", published in Vienna, was distributed all throughout Romania by owners and brothers Puliovtsi from Siatista, western Macedonia. In the newspaper's first issue, published on December 31, 1790, there were statements made that the newspaper would be published in Greek and Slavic-Serbian, which meant that it would come out twice a week, one version for each language. The brothers Puliovtsi often published books in the "Slavic-Serbian" language, while in Vienna they opened another printing house which carried the name "Slavic-Serbian, Vlach and Eastern languages printing house".

Noted by history was a Conference held in Bucharest on April 5, 1867, at which were gathered representatives from all nationalities in the Balkans. The project was then widened for a broader alliance which included Serbians, Bulgarians, Romanians, Greeks and Albanians. Sadly the name "Macedonians" was not mentioned because the Bulgarian representatives at this international meeting stepped up on behalf of the Macedonians (claiming that Macedonians were Bulgarians). On the other hand Greek historians, as noted by Professor Stilpon Kiriakides: "Called every person who spoke 'Slavic Macedonian', Bulgarian" (also claiming that Macedonians were Bulgarians). There was also an alliance protocol signed between the Romanians and the Bulgarians, known in the political history of the Balkans as "an act of holy coalition between Romanians and Bulgarians."

Later in the 1890's, Mladen Giorgievich, a Serbian diplomat, suggested that a military and customs union of all Balkan countries be formed and led by Turkey against any intervention and interference from the European Great Powers. But this idea too, which was meant to strengthen Balkan unity, collapsed because, in the meantime, the capitalist class in all Balkan countries began to cultivate the seeds of chauvinism and, with outside influences and interventions, to enflame racial hatred and intolerance. Regardless of the separate official politics in each country, people with progressive ideas began to organize circles and committees in the Balkans which worked in a spirit of close cooperation and friendship between the various Balkan nations against Ottoman imperial despotism and economic exploitation of nations.

The first progressive movement proved particularly active in the northern Balkan countries and its result was the establishment of a Central Geneva Association, which later developed into a broader organization called the "East-Democratic Federation" (1874-1877). At that time many Greeks, Romanians, Serbs, Macedonians, Albanians, as well as students from other Balkan nations, studied in Geneva. They influenced ideas advanced in Europe and came up with the idea of forming an Eastern Democratic Federation.

The first proclamation, which the supporters of the Eastern Democratic Federation of Balkan countries drafted, said: "The Balkan people are suffering because they have never worked together. Their movements organized unilaterally and in isolation have failed to

suppress the united forces of the ruling elite. Divergent interests disunite the people of the east. Each of these nations should strive towards its freedom and to flourish in freedom. But this goal will never be realized by isolated unilateral actions. Success depends on collaboration. This should be well understood by the peoples of the East. Let us unite and be saved. Greeks, Albanians, Serbs, Romanians, Bulgarians; Greek, Slavic, Latin, Tartar races, all of you live in the wide countries which lie between the three seas - the Black, Mediterranean and Adriatic Sea - Unite!"

In those days, the Athens newspaper the "Ergatis" (Worker), as the organ of the Eastern Democratic Federation Movement, according to information provided by Janis Kordatos, a Greek publicist wrote that the intellectuals Rokos Hoidas, P. Panas and Likiardopoulos were among the Greek activists involved in this movement. After the "Ergatis" was banned another newspaper entitled the "Rigas" (1876-1877) came into existence which was considered a more advanced newspaper.

We learned about the Eastern Federation Proclamation, circulating among advanced democratic circles in Athens, for example, through the newspaper "Ergatis" which read:

"We fully share the ideas of the Eastern Democratic Federation, and because we believe that the famous East issue will not be decided by one or another Great Power, but by the Balkan countries themselves in the interest and in the spirit of brotherhood and understanding of the working people..."

The Internal Macedonian Revolutionary Organization (IMRO), which came into existence a little later, was permeated by the ideas of unity and equality of the Balkan peoples. The Krushevo Republic constitution and manifesto, which called for cooperation and harmony between the Ottomans themselves, reflected the democratic attitudes of the Organization's founders and the organization's high principles by which this organization was led.

The objectives proclaimed by IMRO found approval even in democratic circles in Greece even though there were narrow-minded Greek-oriented Macedonian nationalist movements there. These democratic circles were in favour of a Macedonian republic with equal rights for all nations. During the Ilinden Uprising Andrinopoulos, the mayor of Patra in the Peloponnese, later suspended by the then Greek Prime Minister Rallis, confirmed that he and other like-minded individuals who belonged to an Eastern Democratic Federation and were in possession of the above mentioned newspaper "Ergatis" were in favour of a Republic of Macedonia.

After the Balkan Wars, and especially after the First World War, the idea of cooperation and mutual understanding among the Balkan peoples gained new ground. In parallel with the international organization, such as the International Parliamentary Union, founded in Paris in 1927, was a separate Balkan organization to support Balkan regional conferences.

After the International Peace Conference held in October 1927, in Athens, the then Greek Prime Minister Alexandros Papanastasiou drafted a resolution of cooperation between Balkan countries which was unanimously accepted. The results of that resolution were the conferences that followed in Athens in 1930, in Ankara and Istanbul in 1931, in Bucharest in 1932 and in Solun in 1933. These were attended by representatives from Yugoslavia, Greece, Bulgaria, Turkey, Romania and Albania.

The reason why all those contacts and efforts to establish a permanent and real Balkan unity and solidarity did not work out, lies in a series of unresolved issues that exist between these countries, lack of mutual trust and suspicion cultivated by Balkan and

outside forces, which have no interest in the unification of the Balkan peoples. However, the desire of our peoples has always been and remains the same: the realization of sincere friendship, mutual cooperation, equality and peace between these people whose desires and ideals are manifested through the martyrdom of the first Balkan patriots and inspirers of those ideas – Rigas Fereos, the Macedonian revivalist Giorgi Dimkata of Solun and the sons of the other Balkan nations, whose example of altruism, selflessness and love for the people can teach and inspire today's and future generations.

Христо Андоновски - Балканската Солидарност во Минатото

Балканските народи имаат заедничка историска судбина од многу подалечно минато. Нејзините корени се наоѓаат во византиското средновековие. Во времето на турското ропство, балканските народи долги векови како соседи, ја делеа истата судбина и ги трпеа истите страдања, се радуваа на истата радост и неминовно беше тоа едниот сосед да влијае врз другиот и обратно. Доказ за горното е појавата на низа заеднички елементи во целокупниот социјален и културен живот, во обичаите и наравите, во народните умотворби, фолклорот, народните песни и ора.

Со оглед на фактот што и патиштата за национално ослободување и еманципација малку или повеќе се заеднички, од средината на балканските народи одвреме-навреме се појавуваа и одделни личности, кои станаа толкувачи на балканиските стремежи и идеали. Прва таква личност е Ригас Фереос, кој пред два века се истакна како визионер на единството и соработката на народите од Балканот во нивната борба за слобода и демократија.

Кој е Ригас Фереос, чие име е тесно поврзано со историјата на балканските народи и е запишано на зидините од главниот град на Социјалистичка Федеративна Република Југославија –Белград, и што ќе остане како светол пример за сегашните и идните поколенија во стремежот за независност, единство и соработка на балканскизе народи?

Ригас Фереос, или Велестинлис, е роден во местото Велестина во Тесалија 1757 година. Кога имал 19 години по еден неуспешен атентат против него од некој турски силеција, Ригас се одметнал на планината Олим и и се придружил на една хајдумка чета. Оттаму заминал за Света Гора каде имал пријател еден игумен. Подоцна преку Цариград, каде воспоставил врски со фанариотите, заминал за Влашко. Тука стапил во служба во прво време кај кнезот Мурузи, а подоцна на работа како драгоман во францускиот конзулат во Букурешт. Во Влашко, Ригас создал широк круг на познанство со Грци, Срби, Бугари, Романци и други трговци, писатели и други лица, кои патувале во тоа време низ цела Средна Европа.

Избувнувањето на француската револуција од 1789 година прави судбоносно преобразување во идеите на Ригас и од него создава пламен пропагатор на револуционерните идеи на Француската револуција и голем патриот кој наполно се оддава на работа за национално ослободување на грчкиот на род.

Ригас Фереос прв ја согледал неопходноста од заедничка борба на сите народи на Балканот за ослободување од отоманскиот јарем. И не само што ја почуствувал потребата од таа заедничка борба, туку и активно се заложил за нејзиното реализирање. Меѓу посветените членови на Хатеријата (тајна организација) што ја организирал Ригас биле вклучени лица од сите балкански земји –Срби, Бугари, Албанци, Македонци, Власи и други. Ригас се наоѓал во постојана врска дури со

Турци, и Албанци –муслимани. Имал честа преписка со Албанците Аго Мухордари и Мухордар Поца. (К. Папаригопулос “Историја на грчката нација”, том V, стр. 212) Ригас кој и преку стихови ги изразувал своите револуционерни идеи, во една патриотска песна пишува:

“Бугари и Арнаути
Срби и Ромеи,
Црни и бели во дружен штурм,
За слобода нек, опашеме меч!
Да ги искорниме волците,
Што јаремот го држат
И христијани и Турци
Сурово ги угнетуваат...”

Ригас не гледа тесногрaдо и со омраза на сите Турци и не повикувал на борба против нив како народност, туку против султаните како носители на угнетувањето, насилието и узурпацијата. Затоа токму Ригас во таа борба ги повикува и Турците, како што видовме во горната одломка од Химната на Ригас. Според него балканските народи се национално подјармени и обесправени, но и целото отоманско царство се наоѓа во мракот на бесправието и без никакви политички слободи. Впрочем, човекот кој станува поборник на идеите на големите милители од француската револуција од 18 век, смета дека покрај христијаните и обесправените Турци можат да се придружат кон другите народи на Балканот за еден посправедлив, посносен и слободен живот. Во едно од знаменитите дела на Ригас, конкретно во неговата Конституција и во член 34 канејќи ги на соработка балканските народи тој пишува: “Бугаринот треба да интервенира кога страда Гркот и овој вториот за него и двајцата заедно за Албанецот и Влаот”. Ригас во својот стремеш да ги опфати –како што видовме и Турците во борбата за слобода, му се обраќа и на видинскиот паша, Пазваноглу – и во својата патриотска песна пишува:

“Што стоиш Пазваноглу,
Толку замислен.
Одметни се во Балканот
Загнести се ко орел
Со рајата обедини се
Ако сакаш да победуваш...”

Планот на првиот визионер на балканското единство –според еден конзулски извештај до австро-унгарскиот император –предвидувал едно негово патување до Пелопонез, каде би застанал на чело на пелопонежаните и ослободувајќи го овој полуостров би преминал во континентална Грција да се обедини со епирците, пред се со воинствените Сулиоти. Ригас предвидувал создравање на република во Македонија, со оглед на повеќето народности што тука живеат освен Македонците, а потоа би преминал во Албанија.

Средствата за реализирање на револуционерниот потват, Ригас сметал дека ќе ги обезбеди со конфискација од богатите манастири, а оружје и храна од самото

население. Големи надежи Ригас полагал во Наполеон Бонапарта, од кого очекувал интервенција во полза на борбата на угнетените балкански народи. Во тоа негово очекување и надежи беше охрабрен од француската окупација на Јонските Острови. Ригас повеќе пати се обидел да дојде со Наполеон преку францускиот конзул во Трст. Меѓутоа, неговиот план не е остварен поради тоа што Наполеон и тука не се покажал како ослободител туку како поробувач и окупатор. Ригас бил предаден од кожанецот Иконому на австриските власти, кои во движењето на Ригас подозирале француски прст.

Ригас Фереос е затворен на 31.XII.1797 г. во Трст и со спровод е одведен во Виена. Заедно со него се фатени уште деветмина, меѓу кои тројца македонци, еден кипранин, еден Грк од Епир, тројца од островот Хиос и еден Тесалиец. По долги тајни пазарувања меѓу австро-унгарската и отоманската влада,овие родољупци на нечесен начин се предадени на 29 април на турскиот паша во Белград, а на 17 јуни 1797 г. на зверски начин се ликвидирани, по секоја веројатност во крепоста Калемегдан во Белград.

Револуционерниот план на Регас Фереос претрпе неуспех. Тој самиот го жртвува сопствениот живот на олтарот на слободата, но неговите идеи, неговите патриотски песни, позивите и прокламации со еден збор неговото бесмртно револуционерно дело остана и натаму да живеат, да ги електрезираат поробените балкански народи и да ги тераат на остварување идеите на Ригас за слобода, балканскио единство и соработка. Духот на солидарноста на поробените балкански народи продолжува и по смтта на Ригас Фереос. Истакнати водачи на народите се состанувале и се договарале за заеднички цели.

Водачите на грчката конспиративна организација, позната под името Филики Етерија, на пример, меѓу првите дејци го покрстуваат водачот на српското востание од 1804 г. Караѓорѓе. Тогаш Караѓоѓре се заколнал дека вечно ќе го мрази тиранинот и дека вечно ќе се бори за Србија, Грција и за сите други народи под отоманскиот јарем, без разлика на националност и вера". (Филимон И. "Докмион Историјас тис елиникис епанастасеос", том I, стр. 6). Грчкиот востаник Георгакис Олимпиос е меѓу првите револуционери кој со голема дружина се обидува да му притекне во помош на востанатиот српски народ. Истото го прават како Петар Ичко од Катраница, Чардаклија од тетовско и други многу Македонци. Имињата на Ѓорѓи Саварковски бугарски преродбеник и револуционер, на романецот Владимиреску и други, се тесно поврзани со името на Ригас Фереос како на пионери на балканската солидарност. Голем е списокот од блескавата истина на македонци што учествуваат и во грчкото национално востание. Да ги споменеме само Хаџи Христо од Острво, Ангел Гацо од Воденско, Наум од Костурско, Панајот Бино пак од Воденско, кои со својата храброст станаа легендарни на Пелопонез на грчкиот југ.

Атинскиот прогресивен весник во тоа време "Еси" (век), кој ги пропагирал идеите на балканското единство и балканската федерација, карактеристично пишуваше дека учениците во Србија во групи шетајќи се по улиците и плоштадите на Белград, јавно и гласно ги пееле револуционерните песни на Рифас Фереос, и белградскиот паша за нив отворил нови затвори и зандане. Заслужува за одбележување дека во тој весник соработувал и видниот македонски преродбеник Ѓорѓи Димката од Солун, откако бил протеран од чорбаџиите и турските власти во Костурско, каде учителствува. И кога во 1860 година Црна Гора се дигнала на

востание, српската влада презела иницијатива за организирање на се балкански сојуз за ослободување на сите балкански народи. Тогашната српска влада во Бугариија и во Грција нашла големо разбирање и готовност за една заедничка акција против Отоманската империја.

Српскиот напреден и напреден политичар Илија Гарашевиќ имал тесна соработка со грчкиот амбасадор во тоа време во Цариград, а во Атина на истиот план работел политичарот Куманудис. Во грчкиот главен град била организирана Комисија за собирање на доброволни прилози за црногорскиот народ, а друга една добротворна комисија за собирање на помош за сираци и вдовици во Србија. Гарашанин прв го фрли лозункот "Балканот на балканците", додека грчкиот политичар Колетис бил првиот човек што во слободна Грција работел врз планот за балканска соработка и солидарност но наишол на жесток орпор на големите сили кои вешто ја спроведувале политиката на "разделувај па владај".

По извојувањето на националната слобода и независност во Грција и Србија, и подоцна по Руско-турската војна од 1877/78 година што заврши со Санстефанскиот договор и создавање на бугарско књажевство започнува веќе да бледнее и постепено слабее духот на братството и солидарноста на народите под Отоманската империја, сврзани дотогаш меѓу себе со цврстата алка на заедничка вера, која беше "една од најсилните идеолошки врски меѓу народите". Се заборави ја пламените проповеди на Ригас од Фере, Караѓорѓе, Раковски, Владимиреску, за балканско единство и братство.

Нараснатата веќе на слободно тло од националната земја трговска-феудалската и чифлик-сајбиската класа, со помош од заинтересираните големи сили на Европа, започнува да го пушта отровот на панхеленизмот, панславизмот, пантуркизмот и т.н.; да ја култивира идејата за "Голема Грција од Качаник до Црно Море на север, за воскреснување на Думановото српско царство, или пак за големобугарите Македонија да се присоедини кон мајката Отечество. А грчкиот виден публицист Клеантис Николајдес во неговиот обемен труд "Историјата на хеленизмот со центар Македонија", изнесува докази, од кои произлегува дека сите великогрчки националистички организации кои уште кон средината на минатиот век се појавија во Македонија под маската на културни институции како што беше "Силогос прос дијадосим тон елиникон граматон" (друштво за ширење на грчката писменост) и други, биле финансирани од англиските влади.

Така, впрочем, на дејноста на големите европски сили и на екстремите националистички кругови во штотуку ослободените балкански земји: Грција, Србија, подоцна и Бугарија, се должи тоа што балканските националисти започнуваат да спроведуваат политика спротивна на таа за балканското единство и солидарност, политика против интересите на таа за балканското единство и солидарност, политика против интересите на балканските народи. Грчкиот публицист Гудас во својата книга "Споредбени животи", пишуваше: "Панхеленизмот, панславизмот, панроманизмот и панмохамедизмот е ист гарван..."

Но сепак особено во круговите на балканските интелектуалци не престанаа и натаму да се јавуваат личности –продолжувачи на делото на Ригас. Таков беше и грчкиот напреден писател Александрос Суцос, кој во една своја песна посветена на балканското единство вели:

"Не позиваат Србите,

Не викаат и Даките.
Тесалијци, Епироти, Македонци
И тракијци
И Атос на Емос и Пинд на Оса,
Го пренесуваат овој боен зов...”

Кога бугарскиот родољуб Ѓорѓи Сава Раковски во Атина го посетил стариот грчки револуционер од грчкото востание од 1821 година, Канарис, и му ги објаснува своите планови за Балканот, старецот се радувал како мало дете. А самиот Раковски во Атина стапил во редовите на една македонска организација, формирана од македонски печалбари и политички емигранти, која се борела за една идна балканска федерација. Оваа организација го носела името “Македонска хетерија”. Раковски застанувајќи на чело на оваа организација со одбрани борци – Македонци, заминал за Влашко за да отпочне оттаму борба против отомаскиот поробувач.

Не помалку заслуги има првоборецот на балканското единство и солидарност Ригас Фереос и за ослободувањето на романскиот народ и особено на младината. Повеќе пишани извори на романски јазик тврдат дека Ригас бил еден од најистакнатите носители на идеите од француската револуција на романско тло. Во револуционерната Хетерија на Ригас, освен Срби, Македонци, Бугари и Албанци, имало и Ромаци, меѓу кои се познати имињата на: Слатинеану и Голеску. Низ цела Романија се растурал весникот “Грчки весник” сопственост на браќата Пуљовци од градот Сјатиста, западна Македонија, кој излегувал во Виена. Во првиот број на тој весник од 31.XII.1790 година имало соопштение во кое се велело дека весникот ќе излегува на грчки и на словено-српски јазик, што значи, дека два пати во неделата ќе излегува на едниот и два пати на другиот јазик. Браќата Пуљовци често издавале книги и на “словено-српски” јазик, а пак во Виена била отворена и друга пачатница, која го носела називот “словено-српска, влашка и на источните јазици печатница”.

Секако е одбележана од историјата и конференцијата одржана во Букурешт на 5 април 1867 г., кога таму се собрале преставници од сите народности на Балканот. Тогаш бил донесен проект за еден поширок сојуз во кој би влегле: Срби, Бугари, Ромаци, Грци и Албанци. За жал, името Македонци тука не се спонемува, зашто бугарските преставници на меѓународните собири истапувале и од името на Македонците, додека грчките историчари, како што бележи и професорот Стилпон Кириjакидес -“името Бугари и му го давале на секој жител на Македонија што говорел словенски”. Тука бил потпишан и протокол за сојузот меѓу Романци и Бугари, познат во политичката историја на Балканот како “Акт на света коалиција меѓу Романци и Бугари”.

Малку подоцна во деведесетите години на минатиот век српскиот дипломат Младен Ѓорѓевиќ предложил една воена и царинска унија на балканските земји на чело со Турција и против секаква интервенција и мешање од европските големи сили. Но и оваа замисла која имала за цел да го зајакне балканското единство пропаднала, бидејќи во меѓувреме големо-сопственичката класа во сите балкански земји започнува да го култивира семето на шовинизмот а заедно со надворешното влијание и интервенции да распалува и расна омраза и нетрпеливост. Независно од официјалната политика на секоја земја пооделно, првите напредни луѓе со

прогресивни идеи од Балканот организираа кружоци и комитети и работеа во духот на соработка и тесно пријателство меѓу балканските народи против отоманскиот султански деспотизам и против економската експлоатација на народите.

Првото прогресивно движење се покажа особено активно во северните балкански земји и негов плод беше формирањето во женева на едно централно друштво, кое подоцна се развива во широка организација под името "Источно-демократска федерација" (1874-1877). Во тоа време во женева студирале многу Грци, Романци, Срби, Македонци, Албанци, како и студенти и од другите народности на Балканот. Тие, повлијаени од напредните идеи во Европа дојдоа до идејата за формирање на Источната демократска федерација.

Во првиот проглас што го растуриле приврзениците на Источната демократска федерација во балканските земји се вели: "Балканските народи страдаат зашто никогаш заеднички не работеле. Зошто нивните движења организирани едностранo и изолирано успеа да ги задуши обединетата сила на властодршците. Спротивни интереси не ги разединуваат народите на исток. Секој од овие народи треба да се стреми кон своето освободување и во слобода да се развива. Но, целта никогаш нема да се реализира со едностранo изолирани акции. Успехот зависи од заедничката работа. Тоа треба добро да го разберат народите на исток. Нека се обединат и ќе бидат спасени. Грци, Албанци, Срби, Романци, Бугари; раси грчки, словенски, латински, татарски и сите вие живеете на широките земји што се простираат меѓу трите морија –Црното Море, Медитеранот и Адријатика, - обединете се!"

Another important institute in Macedonia is the Tobacco Institute in Prilep, dedicated to providing scientific research for the improvement of tobacco production.

Another institute worthy of mention is the Cotton Institute in Strumitsa, dedicated to the study and improvement of the production of cotton.

I would also like to say a few words about the institutes in Skopje, which play a significant role in the study of the Macedonian people's history, language and folklore. First among them is the "Krste Misirkov" Macedonian Language Institute which recently celebrated its move to a new building, built with help from our emigrants living abroad. About 50 academics and linguists work in this institute and are involved in the study of the Macedonian language. The Institute publishes its own editions of which the most important is the magazine "Macedonian language". The magazine has been in existence for 19 years and has greatly contributed to the exposure of the Macedonian language and its dialects not only to Macedonians but also to Slavists around the world, especially to those in the United States, Poland, Germany, Finland and other countries.

The Institute of National History also plays a significant role in the affirmation of our national science. With its many academics, among whom are more than a dozen PhD's of history, the Institute is noted for its numerous and solid publications. One particular publication I want to mention is the Herald, the Institute's voice which has been in existence for more than 12 years. The Herald has published an appreciable number of stories from Macedonia's history contributed by Macedonian and foreign academics. Conferences that review various topics and discuss issues such as the role of ASNOM, the Ilinden Uprising, etc., are often organized by this Institute. The Institute's latest

project was the publication of three books on the history of the Macedonian people, presented in Moscow at the International Congress of Historians, held in August.

Useful scientific work is also done by the Institute of Folklore. In terms of numbers of staff, this institute is comparatively small but very important to the collection of folk wisdom, folk music etc. It is an important institution because of the work it is doing to affirm Macedonian folklore. Up to date the Institute has published many books, most of which are about folk wisdom. Currently the Institute is in the process of publishing Marko Tsepenkov's collection of folk wisdom consisting of ten books. Tsepenkov was one of the most prolific collectors of Macedonian folk wisdom. The Institute of Folklore also publishes a magazine called "Macedonian Folklore", to which a number of foreign folklorists contribute.

Besides the independent institutes that operate in Skopje, there are also about 40 institutes that work under the guidance of various faculties.

In addition to the many institutes that exist in our republic, there is also scientific work done by the various museums, archives and other institutions which, in addition to preserving the materials that fall under their jurisdiction, also publish results from their own jobs.

I will finish talking about the exposure to scientific work done in Macedonia by giving you some information about the establishment and work done by Macedonia's highest scientific institution, the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU).

The Macedonian Academy of Sciences and Arts was established on February 23, 1967, with the passing of a law by the Macedonian Parliament. The first elections to elect members in the Academy were held in Ohrid in August of the same year at the old centre for Slavic and Macedonian education and culture, in Kliment of Ohrid and Grigor Prlichev's city, also the city of many other prominent Macedonian people.

The establishment of the Macedonian Academy was welcomed by the collaboration of a number of academies of science around the world including those of Austria, Belgium, Bulgaria, Venezuela, Germany, Israel, Ireland, Italy, Canada, Lebanon, Portugal, Romania, Syria, the United States, the USSR, France, the Netherlands, Czechoslovakia and Spain.

In the short time of its establishment, the Macedonian Academy of Arts and Sciences managed to collect a significant number of contributors, in addition to its regular members. It also initiated a lively number of scientific activities including a string of publications, two major conferences, including the one held last year dedicated to the 1,100 anniversary of the death of Kiril Solunski, attended by scientists from the United States. Now it is finishing the reports from this meeting which will be published in two books. Early next year the Academy will publish 5 books on the history of the Macedonian language and literature and will generally portray the Macedonian people from their arrival in the Balkans to today. The books will be printed in the Macedonian language as well as in some foreign languages, including English.

In the course of this year and in the future the Academy will issue two of the oldest testaments of Macedonian literacy from the X and XI century.

In the last three years the Macedonian Academy was visited by an array of scientists from all around the world. A number of our academics have also visited many countries worldwide, including the three members who visited the United States.

One of MANU's important plans was the construction of the Academy's new building. Its previous works in which the institute was engaged has been completed and

sometime in the spring next year it will lay the foundation of an even higher temple of science in our country.

Dear fellow countrymen, with the information I gave you I want to familiarize you with what a nation can achieve in the fields of education and science when it is free.

We can be proud of the results because only 20 years have passed since the time the first Macedonian Prime Minister announced the establishment of the University and the Macedonian Academy. Other people have taken a lot longer to achieve similar results.

Thank you very much for your attention.
Academic Dr. Haralampie Polenakovich

Поленаковиќ - Просветниот и научниот живот во Република Македонија

Кога ми беше предложено од страна на вашиот уважуван претседател Господинот Кондов, пред вас да зборувам за некое прашање од животот во Република Македонија, помислив пред се, дека вас секако ќе ве интересира она што претставува основа на напредокот на секој еден народ и на една држава, а тоа е прашањето за Просветата и науката во Република Македонија. Како просветен и научен работник јас сум и најдобро информиран за ова прашање и спремен сум да ви дадам и други податоци, освен овие што во мојот збор ќе ги изнесам.

Вие, драги сонародници и сонароднички, Македонци и Македонки од сите краишта на Македонија, можете да се гордеете оти сте синови на оној народ, на македонскиот народ, од пазувите на кој никна најстарата словенска азбука, најстарата словенска писменост, првиот словенски книжевен јазик, со кој повеќето од словенските народи долго време се служеле во просветата и богослужбата, давајќи такви великани на перото како што беа светлите ликови на браќата св. Климент и св. Наум Охридски, епископот Константин Брегалнички, знаменитиот бранител на словенската азбука и просвета Црноризец Храбар и илјадници други вредни работници на полето на словенската просвета, кога таа ги разгрна своите сили во Охридската книжевна школа, тој прв словенски универзитет, чиј раководител бил првиот оригинален македонски и словенски писател, говорник, поет, учител и светител, Климент Охридски. Вам ви е познато дека низ рацете на Климент Охридски минале околу 3500 ученици, кои станале учители и свештеници, со кои Македонија го зазела при крајот на IX век и во почетокот на X век првото место во словенската просвета на Балканот и воопшто.

Користејќи се со македонскиот јазик од Солунско како прв книжевен јазик за сите Словени, светите браќа од Солун, Кирил и Методија ги удрија темелите на епохалното дело: создавањето на словенската просвета и богослужба, која –откако пропадна Моравската мисија-широко се разви на Балканот, и пред се, во Македонија, каде, меѓу словенското население, проповедаше св. Климент Охридски со своите соработници.

Старата просвета во нашата земја се развијала во текот на вековите, по смрта на св. Климент Охридски, главно преку манастирите, кои биле главни жаришта на просветата. Во нашата земја уште од времето на Климент и Наум Охридски, се основаа низа манастири, од тие на Охридското и Преспанското Езеро па се до

брегoвите на Егеј и до Атос, св. Гора. Наставата во манастирските училишта била таква, што таа главно приготвувала свештенички кадар. Меѓутоа меѓу тие свештеници-учители, повремено избликнувале и книжевни таленти, така што, особено до колку се ближиме кон нашето време, се повеќе калуѓерите и свештениците-учители се јавуваат и како писатели, кои го користат народниот збор, за да му соопштат на новото поколение она што го забележиле во своето време, за да ги кажат вистините за народниот живот, често за да се исповедат за личниот живот, за радостите и маките, среќите и несреќите што ги следеле во животот.

Од бројните столетија што не делат од времето на св. Климент Охридски, можеме да укажеме на некои незнајни, анонимни запишувачи на важни настани од животот на македонското население, за тоа дека таа година и тој ден во едикоеси село или град се случило ова или она, пустошеле разни болести, чуми и колери, владеела голема скапотија и глад, дека неподнесливи биле насилијата на господарите, дека се јавила дзвезда со опашка, дека бил земјотрес или поплава и слично...

Веќе во минатото столетие неколку свештеници, калуѓери и учители се осмелуваат и излагаат од незнајноста, анонимност. Тие покрај со својата племенита учителска работа се зафаќаат и со пишување дела и со нивно печатење.

Уште првите две десетлетија на XIX столетие ни ги дадоа првите учители-писатели, кои на чист народен јазик објавиле повеќе дела. Тоа се калуѓерите-учителите Јоаким Крчовски од Кривопаланечко и Кирил Тетоец Пејчиновиќ од селото Теарце близу до Тетово. Учителот и писателот Јоаким Крчовски објави пет книги на народен јазик. Тие се во врска со неговата учителска и свештеничка работа, но тие содржат и многу податоци за животот на македонското население во почетокот на XIX век. Со оглед на тоа дека во Македонија немаше печатница, сите пет книги на Крчовски беа напечатени во Будим. Нив ги напечатија познати трговци "купци" од Штип, Кратово, Крива Паланка и други места на Македонија. Делата на Крчовски биле многу користени од населението, и биле препишувани.

Како и Јоаким Крчовски и Кирил Тетоец Пејчиновиќ објавил две книги, а некои други негови работи останале во ракопис. Во своите дела Пејчиновиќ го насликува животот на селското население од околината на Скопје и Тетово, во почетокот на минатото столетие. Пишувани на пристапен, разбирлив јазик, убаво компонирани, во секој поглед блиски до разбирањата на нашите луѓе, делата на Пејчиновиќ оставиле силни траги во издигањето на народот во просветен и културен поглед. Насловите на делата на Пејчиновиќ се "Огледало"/печатено во Будим, 1816) и "Утјешение грјешним"/печатено во Солун 1840 година). Во врска со печатењето на второто дело на учителот и писателот Пејчиновиќ, ние доаѓаме во можност да кажеме некој збор и за учителот, писателот и печатарот- Теодосија Синаитски, првиот Македонец кој на теренот на Македонија, во Солун, во 1837/8 година основал прва македонска печатница. Печатницата на Синаитски (инаку родум од Дојран) работела до 1841/2. Неколку пати горела.

Во се објавила 5 книги, сите пишувани на разни македонски говори. По еден пожар за обновата на печатницата се заинтересирал и писателот Кирил Пејчиновиќ, кој дал доволно пари таа да се обнови. Истовремено тој на печатарот Теодосија му оставил и ракопис од едно свое дело: "Утјешение грјешним". Тоа дело е напечатено во Солун 1840 година. Во предговорот печатарот Теодосија ја изнесува

историјата на печатницата и многу го истакнува уделот на Пејчиновиќа при нејзината обнова, истакнувајќи го значењето на книгата на Пејчиновиќа. Во врска со книгата на Пејчиновиќа, Теодосија Синаитски, со возбуда во гласот, им се обрнува на "љубочитателите": "еве ключ что отворует сердцето ваше, не ключ от злато или от сребро, но ключ от жлезо чилик, што да не се вие, оти среброто и златото ест меко и се вие скоро..." За Синаитски народниот збор, македонскиот, е железен и челичен клуч, кој може да го отвори срцето на "простиот человек", додека словенскиот и рускиот се од злато и од сребро- тие се меки и не можат да го отворат срцето на македонскиот човек. Токму во делото на Пејчиновиќа се наоѓа тој челичен клуч, народниот јазик, и секој Македонец треба да ја чита книгата на Пејчиновиќа.

И подоцна, во Солун имало и други печатници. Значајна со својата работа е печатницата на Константин Држиловиќ, од селото Држилово. Оваа печатница печатела книги на македонски јазик со грчки алфавит и, дела на грчки јазик. Печатницата работела од 1851 година.

Други учители –писатели се познатите македонски преродбеници, кои се одалечуваат од манастирските училишта и учат световни училишта. Мнозина од нив се школуваат и надвор од Македонија.Во текот на XIX век во Македонија имаме школи на народен јазик, но има и доста школи на грчки јазик, подоцна, во втората половина започнуваат и пропагандите од Србија и Бугарија, со внесувањето на дела пишувани на бугарски и на српски јазик, со доаѓањето на учители од Србија и Бугарија, со основање бугарски и српски училишта.

Познати се нашите преродбенски учители и како борци за ослободување на македонскиот народ од грчкото културно иго и македонската црква од фанариотските владици. Имињата на нашите преродбенски борци-учители и писатели вам ви се добро познати. Тоа се: Јордан Хаџи Константинов Џинот, од Велес, борбен учител и разноврстен писател: на стихови, школски текстови, патеписи, драмски творби, трудови од областа на јазикот и литературата, собирач на народни умотворби. Во текот на целиот живот се борел за народното училиште: во Велес, Скопје, Прилеп, Тетово. Неговите описи на Македонија се значајни по богаството на податоци за богатството на Македонија со културни и книжевни споменици, но и со своите кажувања за патилата на македонскиот народ под двојното ропство. Џинот е еден од првите македонски учител кој отвора школи на народен јазик.

Браќата Миладиновци- најзнаменитите македонски преродбеници- паднаа како жртви за доброто на својот народ, во цариградските зандани, во почетокот на 1862 година. Обајцата отпрвин биле учители на грчки јазик по разни градови на Македонија (Охрид, Струга, Битола, селата Магарево и Трново, Кукуш и др). По националното пробудување, кое настанува по завршувањето на Кримската војна и Парискиот мир, во 1856 година Димитрија започнува, во Прилеп, со воведувањето на народниот македонски јазик во училиштата. Започнува со собирање на народни песни и приказни, со собирање на стари споменици со будење на народната свест. Покрај во Прилеп Димитрија Миладинов ги удира темелите на народното училиште и во Кукуш каде соработува неколку години живо со Нако Станишев и Атанас Кушовалија, првенци кукушки. Таму го преведува евангелеието на македонски јазик и го воведува словенскиот јазик во богослужбата.

Брат му Константин Миладинов, кој завршил и универзитет во Атина, во 1856 година го испраќа во Москва на студии, за да може, по враќањето да предава на народен јазик. Во руската средина Константин Миладинов започна да пее стихови и тој се јавува како прв вистински македонски поет. Чувени се неговите песни "Т га за југ", "Сираче", "Голапче" и други. Во Загреб 1861 година, со помош на бискупот Јосип Јурај Штросмајер, ја објавува најзначајната збирка на македонски народни песни зборникот на Миладиновци...

На враќањето во татковината, во Цариград, каде дошол да го спаси брата си Димитрија од затвор, и тој е затворен- така што двајцата умираат во затворот, прогонувани од власта и од фанариотите...

Нивен близок човек, ученик и зет, Кузман А. Шапкарев, од Охрид, долго време учителувал по Македонија и осеќајќи ги желбите на македонскиот народ, напишал и напечатил неколку учебници на македонски јазик, сакајќи со своите учебници да ги истисне туѓите учебници од Македонија. Познат е и како вреден собирач на народни умотворби.

Од учителите-просветители уште би ги спомнал Рајко Жинзифов, кој кратко време бил учител во Прилеп и Кукуш, за да замине во 1858 година во Русија на школување. Во Русија пишува песни и статии во кои се труди да ја извести руската јавност за тешката положба во Македонија. Умира како прокуден поет во Москва. Жинзифов е еден од нашите најплодни поети и публицисти.

Целиот свој живот, отпрвин како грчки учител, а потоа како народен учител, ќе го помине во Македонија, во Охрид, Струга, Битола, Прилеп, Солун, учителот и писателот Григор С. Прличев. Охриѓанец, воспитан на класичните грчки писатели, Хомера и другите, тој најголем поетски талент на Македонија во XIX век, ќе се здобие со таква слава на поетското поле, што во 1860 година, на поетскиот конкурс во Атина, ќе ја добие првата награда и називанието "втор Омир" за своето дело "О арматолос" -Сердарот". Долго години грчки учител, откако делумно ќе се преороди тој ќе стане еден од најборбените македонски учител, кој ќе работи на народното дело.

Венијамин Мачуковски, родум од селото Мачуково, Ѓевѓелиско, откако завршил духовни училишта и историско-филолошки факултет во Русија, бил учител во Солун, потоа живеел во Цариград. Мачуковски (1847-1878) во 1872 г. во печатот дал објавление дека спрема "Блгарска граматика на македонско наречие". Образложението зашто пишува таква граматика гласи: "Изучението за Б лгарската Граматика в Македонските училишта е един от наитрудните предмети за учениците, вместе с тем наи-безтолковнии. Он им отнима доста долго време, и това не им мешае пак да немат понотие от грамматиката. Това происходи от несообразноста в грамматическите форми на досегашните издадени Блг. грамматики с ониа на македонското наречие... Сум наредил веке првата част за грамматиката, и успехот што са показале учениците в изучението на този предмет по записките ми, наполно сум са убедил за достижение на целта ми." И понатаму во објавлението ги моле "учителите по Македонија да са постараат да ми соберат спомоштество важниот които зависе исклучително издаванието на книжката ми. "Објавлението било пишувано во Кукуш на 16 август 1872 година (Блаже Конески, Кон македонската преродба. Македонските учебници од 19 век, Скопје, 1959, 84-85). "Објавата на Мачуковски е можеби најјарок пример за тоа како тешко се помирувале и соживувале со употребата на бугарскиот литературен јазик кај нас",

пишува Блаже Конески/стр. 85/. До печатењето на граматиката на Мачуковски не дојде, дека во бугарскиот печат (“в, “Право” од 30 октомри 1872 г.) се дигна силен глас против македонската граматика.

Со својата родолјубива работа на помагањето народното училиште во Солун се истакнале Константин Динката Држиловец, родум од воденското село Држилово и неговите деца Ѓорги Динката, кој бил учител во разни места на Македонија (Прилеп, Битола, с. Загоричине) поет, човек со научни заложби и застапник за една балканска федерација, како и ќерката Славка, учителка....

И така би можело уште долго да се зборува за учителите и училиштето во Македонија во минатиот век се до трагичната поделба на Македонија на три дела по балканските војни и првата световна војна, кога во сите три дела на Македонија беше забранета употребата на македонскиот јазик во училиштата и администрацијата, во печатот и литературата.

Дури по крајот на втората светска војна македонскиот јазик стана јазик на просветата, науката, администрацијата, печатот и литературата, со еден збор стана јазик на македонската нација во оној дел на Македонија, што денеска ја сочинува Република Македонија.

Просвета и наука во Република Македонија

Употребата на народниот, македонски јазик во училиштата, печатот и литературата почна да се воведува во Македонија уште во текот на Народноослободителната војна, кога на слободната територија се основаа народии училишта и се печатеа разни билтени и стихозбирки на македонски јазик.

По создравањето на македонската држава, се донесоа нужни законски акти, за воведувањето на македонскиот јазик во сите јавни служби и училишта, се изработи македонскиот правопис и првиот македонски буквар. “Македонското школство го започна својот развиток со слабо развиена материјална база, без стручен кадар, но со големи желби и ентузијазам да се развие широк систем на образование. Во основното образование е поставена широка основа на целиот образовен систем”, пишуваше овие денови Томислав Чокревски, републичкиот секретар за образование, наука и култура (Македонија од распаѓата кон иднината, Скопје, 199)

Прашањето со основните училишта вака изгледа.

Пред втората светска војна во Македонија (се мисли на теренот на денешна република Македонија, бидејќи за останатите делови на Македонија ни недостигаат податоци) имаше 850 основни училишта и виши основни училишта со 95.000 ученици и 1500 учители и наставници. Наставата се одвиваше на српскохрватски јазик.

Во текот на училишната 1945/46 г. имаше 1106 основни и виши основни училишта со 113.000 ученици и 2200 наставен персонал.

Денешната состојба е следнава: 1400 основни училишта со преку 250.000 ученици и 9.600 наставен персонал.

Во основните училишта се опфатени 90% ученици.

Прашањето со средните училишта пред втората световна војна беше многу скромно.

Во 1945/46 година имаше 69 училишта со 19.000 ученици и 700 наставници.

Денеска е оваа состојба:152 училишта со 51.000 ученици и 2.700 наставници. 80% од учениците се опфатени во средното школство.

Високото и вишето школство во Македонија во голема мера претставува гордост на нашата земја. Додека пред војната, во 1939 година, во Скопје постоеше само еден непотполи филозофски факултет, на кој студираа просечно по околу 150 студенти, од кои помалиот дел беа од теренот на Македонија, денеска на Скопскиот универзитет "Кирил и Методиј" студираат околу 17.000 студент на девет факултети, со повеќе оддели, што се всушност одделни факултети. Најстар факултет на Скопскиот универзитет е Филозофскиот факултет, основан во училишната 1946/47 година, потоа од година на година се наголемуваше бројот на факултети, така што денеска тој изнесува, како реков, девет факултети и тоа: покрај филизофскиот, природно-математички, земјоделско-шумарски, медицински (со оддел за стоматологија), архитектонско-градежен, правен, економски, електро-машински, технолошко-металуршки. За изминатото време на Скопскиот универзитет завршиле околу 12 илјади стручњаци од разни профили, а секоја година тој број се наголемува уште за една илјада. Од малиот број на професори и асистенти на Филозофскиот факултет, кој во почетната година на работата на тој факултет изнесуваше девет професори и десетина предавачи, денеска на Скопскиот универзитет "Кирил и Методиј" работаат околу осум стотини професори, доценти, асистенти и други наставни помошници. –Кога кон бројот на факултетите ќе се додаде и бројот на вишите школи (педагошки академии во Скопје, Битола, Штип; Театарската академија и Вишата музичка школа во Скопје, и околу десет други виши пколи во внатрешноста, од кои секоја година излагаат стручњаци, бројот на дипломираните стручњаци кај нас го надминува бројот од околу 12.000.

Кога станува збор за факултетите на Скопскиот универзитет треба да се рече дека, покрај неколку кои работаат во прилично дотрајани згради, помладите факултети имаат нови згради со најсовремени лаборатории и институти, така што Скопскиот универзитет се вброј меѓу најсоврмено опремените универзитети на Балканот. Штетите што ги предизвика катастрофалниот земјотрес во 1963 година постепено се лекуваат; токму овие денови се удрија темелите на три нови факултетски згради (филозофскиот, правниот и економскиот) и на ректоратот на Скопскиот универзитет.

Желбата за студирање е особено развиена кај македонските младичи и девојки. Во нашата република најголем е бројот на населението, кое студира: 1,5% /во Америка, 1963: 1,19, во Велика Британија, 0,64, во Сојузна република Германија: 0,45 итн./.

Значењето на Скопскиот универзитет "Кирил и Методиј" не е само во формирањето на стручни кадри. Тој е всушност базата и за научната работа во нашата земја. Најголемиот дел од професорите и асистентите се баваат и со наука, покрај со настава. На разни факултети на универзитетот студираат, или специјализираат, студенти од целиот свет. Како гости на наши разни факултети гостувале истакнати научници-професори од познати универзитети од целиот свет. Знатен број наши наставници-научници гостувале со свои предавања на низа универзитети во светот; помлади наши научни работници одат на специјализација во разни универзитети во Европа и Северна Америка.

Кога станува збор за разните училишта кај нас, од основните до факултетите, треба да ве известам дека за потребите на учениците, во изминатиот период се

напечатени голем број учебници и учебни помагала за сите возрасти и струки на ученици. При рака ми се некои податоци, што се објавени поповод прославувањето 25. годишнината на издавачкото претпријатие "Просветно дело" од Скопје. За македонски основни училишта објавени се над 700 дела со тираж од 16.000.000 примероци; во истото време за албански основни училишта има објавено 126 книги со тираж од 1.000.000 примероци, а за турски основни училишта 200 книги со нешто помал тираж, зависно од потребите. –За срени школи објавени се 330 учебници и помагала со тираж од над 1.500.000 примероци и така натаму 200 учебници за стручни школи и голем број за универзитетски студии. Универзитетски учебници покрај "Просветно дело" објавува и специјализираната универзитетска печатница. "Просветно дело"објавило и десетина двојазични речници; од капиталните дела што ги објавило "Просветно дело" ќе го споменам "Речникот на македонскиот јазик", во три книги.

Како придружник на просветата и еден вид врвен резултат од школувањето се јавува и развојот на научната мисла кај нас, во Македонија.

Додека пред втората војна во Македонија одвај на прсти можеја да се набројат работниците на научното поле, денеска, во нашата Република имаме широко развиена мрежа на научни установи, започнувајќи со Скопскиот универзитет, преку низа научни институти од факултетски, универзитетски, републички или самостоен карактер, преку бројни музеи, архиви, заводи, па се до Македонската академија на науките и уметностите, како врвна научна установа во земјата, која се јавува како координатор и иницијатор за развојот на науката.

Најголемиот број научни работници се наоѓаат на Универзитетот, каде, покрај со наставна работа, се бават и со научно-истражувачка работа. Поголемиот дел од наставниците и асистентите на Универзитетот се бави со научна работа, било да работи на индивидуален план или да е вклопен во колективни теми. Резултатите од научната дејност на универзитетските професори и асистенти се објавува во изданијата на сите факултети: во годишните зборници, посебните изданија и списанијата. Мнозина од универзитетските работници публицират свои дел во разни научни и стручни списанија во нашата земја и во странство.

Како резултат од научната дејност на нашите луѓе се јавуваат и признанија, што им се оддаваат на истакнати наши научни работници во Југославија и во странство. Неколку наши научни работници станале членови на разни академии на науките и научни друштва во Југославија и во странство: во САД, Франција, Англија; неколку цина станале почесни доктори на разни универзитети во САД, Франција и Англија, го спомнав порано случајот со изборот за почесен член на Чикашкиот универзитет на академикот Блаже Конески. – Сите овие признанија на научните резултати на македонските научници, претставуваат и признание и афирмација на македонската наука во светот.

Покрај на Скопскиот универзитет "Кирил и Методиј", научната дејност се одвива и по разни институти во Македонија. Денеска во Македонија има 23 самостојни научни институти и заводи во кои работаат околу 900 научни работници. Институтите се главно лоцирани во Скопје, но ги има и по внатрешноста на Републиката: во Битола, Прилеп, Охрид, Струмица.

Од институтите по внатрешноста особено треба да го истакнеме Хидробиолошкиот завод во Охрид, во кој се изучува животот на Охридското Езеро и се дејствува на зголемувањето рибниот фонд на Езерото. Од крилото на

Хидробиолошкиот завод во Охрид веќе израснале десетина еминентни научници, од кои некои се и редовни професори на универзитетот и познати научни работници.

Значајно место му припаѓа и на Институтот за тутун во Прилеп, кој се афирмирал како солидна научно-истражувачка институција, која делува на подобрувањето на производството на тутунот.

Самиот назив на Институтот за памук во Струмица зборува за преокупацијата на научните работници од тој Институт.

Од институтите во Скопје, ќе споменам само неколку, кои имаат значајна улога во изучувањето на историјата, јазикот и народното творештво на македонскиот народ. Тука е пред се Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков", кој неодамна славеше уселување во нова зграда, која беше изградена и со помош на нашите иселеници во странство. Околу 50 научни работници во Институтот го обработуваат македонскиот јазик во секој поглед. Институтот издава свои разни изданија од кои најзначајно е списанието "Македонски јазик", кое излага веќе 19 години и околу себе ги собрало сите македонски јазиковеди и голем број слависти од целиот свет, особено од САД, Полска, Германија, Финска и други земји.

Значајна е и улогата на Институтот за национална историја во афирмацијата на националната наука. Со своите бројни паучни работници, од кои над десетина се и доктори на историската наука, Институтот се истакнува со бројните и многу солидните свои изданија, од кои особено треба да се спомене Гласникот на институтот за национална историја, кој излага повеќе од 12 години и на своите страници објавил ценети прилози од македонската историја покрај од македонски и од странски научници. Со заслуга на Институтот се организираат често научни собири на кои се разгледуваат разни прашања/прашањето за АСНОМ, Илинденското востание и др./. Најнова работа на Институтот беше објавувањето на три книги од областа на историјата на македонскиот народ, кои беа презентирани на меѓународниот конгрес на историчарите, кој се одржа во август во Москва.

Корисна научна работа работи и Институтот за фолклор. По својот број на соработници, тој е уште мал, но по она што го сторил за собирањето народни умотворби, народна музика и сл, тој претставува значјна институција за афирмација на македонскиот фолклор. Досега објавил поголем број на книги со народни умотворби, сега го издава делото-народните умотворби на Марко Цепенков, најплодниот собирач на македонски народни умотворби, во десет книги, и го издава списанието "Македонски фолклор", во кое се застапени и голем број странски фолклористи.

Покрај самостојни институти во Скопје има уште околу 40 институти и заводи, кои работаат на разните факултети.

Во нашата република покрај институтите, за кои што зборува, со научна работа се бават и разни музеи, архиви, заводи, кои, покрај основната задача да ги конзервираат материјалите, што спаѓаат во нивната надлежност, издаваат и свои публикаци, во кои ги објавуваат резултатите од својата работа.

Информацијата за основањето и работата на највисоката научна установа во Македонија, Македонската академија на науките и уметностите.

Со закон на Собранието на Македонија, донесен на 23.II.1967 г., основана е Македонската академија на науките и уметностите. Првите избори за членови на МАНУ извршени се во август истата година во Охрид, стариот центар на

словенската и македонска просвета и култура, градот на Климент Охридски, Григор Прличев и толку други знаменити луѓе на Македонија.

Основањето на Македонската академија го поздравија -и најавија соработка со неа- голем број на академии на науките од целиот свет: Австрија, Англија, Белгија, Бугарија, Венецуела, Германска демократска република, Израел, Ирска, Италија, Канада, Либан, Португалија, Романија, Сирија, Соединетите американски држави, Сојузна република Германија, СССР, Франција, Холандија,Чехословачка и Шпанија.

За ова кратко време од основањето, Македонската академија на науките и уметностите успеа околу себе да собере знатен број соработници-покрај редовните и дописните членови- и да покрене жива научна дејност: покрена низа публикации, одржа два значајни научни собири, од кои минатата година еден посветен на 1100 годишницата од смртта на Кирил Солунски, на кој учествуваа и научници од САД. Сега се привршува печатењето на рефератите што се одржани на овој Собир, во две книги. Во почетокот на идната година Академијата ќе даде во печат 5 книги во кои ќе се разгледа историјата на Македонија, јазикот, литературата-воопшто ќе се даде делосна претстава за Македонија и Мадедонците од нивното доаѓање на Балканот до денеска. Книгите ќе бидат напечатени, покрај на македонски јазик, и на некои странски јазици, од кои на прво место на англиски.

Во текот на оваа и идната година Академијата ќе издаде и два најстари споменици на македонската писменост од X;XI век.

Во текот на овие три години Македонската академија ја посетија низа научници од целиот свет, а неколку наши академици престојуваа во повеќе држави во светот, меѓу кои три члена во САД.

Еден од важните планови на МАНУ е изградбата на новата зграда на Академијата. Претходните работи се свршени и некаде напролет идната година ќе бидат удрени и темелите на тој највисок храм на науката во нашата татковина Македонија.

Почитувани сонародници и сонароднички, со овие неколку информации сакав да ве запознам тоа што може еден народ, кога е слободен, да постигне на просветното и научното поле.

Ние можеме да бидеме горди на постигнатите резултати, бидејќи од часот кога се објави првиот македонски буквар до формирањето на Универзитетот и Македонската академија минаа само дваесетина години; за вакви достигања на другите народи им требаа далеку, далеко повеќе години и десетилетија.

Многу ви благодарам на вниманието.
Академик д-р Харалампие Поленаковиќ

United Macedonians after the 1970 Convention

It was difficult to understand events that took place after the 1970 convention, which, due to one man's ego, had destroyed everything that had been achieved thus far.

Anton Pavlov, with his accusations and tactics, had managed to undermine the work that had been done to promote growth, unity and the expansion of the United Macedonians in Canada and in the United States of America. A great deal of work had been done to unite the Macedonians in the North American continent and finally bring them together at the First National Convention on September 4, 5, 6 and 7, 1970 in Toronto.

Unfortunately, as is the case in many societies, there were some ideological differences that existed between various groups of our people. One of these groups was seen as pro-Yugoslav and another was viewed as a supporter of Yugoslavia but with some reservations, so let's call this one anti-Yugoslav. Both groups, nevertheless, supported the Macedonian cause.

Spiro Bassil (Vasileff), one of the community leaders and major players in the Macedonian cause who helped shape both the formation of the United Macedonians and the St. Clement Church, was considered anti-Yugoslav. He was opposed by the pro-Yugoslav side headed by Bob Vasov of Windsor, Ontario.

Being part of the United Macedonians Organization these two groups met on a regular basis to discuss directional issues and ways to expand the organization. I remember one day while these groups met in Toronto. Besides Bob and his brother Chris, there was another young man from Windsor attending the meeting, about whom I will talk in a different part of the book. My point here is that the two groups were in constant competition over how to do things in the organization. Most of the time they disagreed but were cooperating during the campaign for the formation and expansion of the new United Macedonians branches in Hamilton, Windsor and Detroit.

Those of us who had nothing to do with their ideological and political differences did not give them much attention because it was forbidden to bring party politics to our organization. The United Macedonians was a non-political organization. Outside of the organization people were free to express their political views.

After the split of the Toronto Branch of the United Macedonians of North America

After the split of the Toronto branch of the United Macedonians of North America, in 1971, I received the following letter from our respected President of the House of Immigrants of Macedonia, Mr. Tome Bugleski.

Dear Mr. Givens:

The national holiday, Ilinden, and your announced picnic, for which we hope you have received our greetings through our telegram, gives me reason to write you this letter. In this letter, I will briefly elaborate on the current turmoil in the Macedonian community in Toronto, for which the responsibility falls on all of you in the leadership of the Macedonians, regardless of which side of the United Macedonians of North America or

on the others who are managing the United Macedonians for Toronto. We are unable to disassociate from our painful feeling that the Macedonian community in Toronto, once the pride for all of you, even for the Macedonians of our homeland, today is devoured by the worm of disunity, disunited at its highest level. Only united you could make in a short time those magnificent things; raising the church St. Clement of Ohrid, the impressive picnics as the last year, which contributed amidst the Canadian Society the affirmation of the Macedonian name and reality. If disunited, what can you achieve?

You would only achieve ridicule and contempt from our enemies, who would rub their hands together, with pleasure.

In the name of that great Ilinden and in the interest and the prosperity of the Macedonian community in Canada, we extend to you; the leadership of the United Macedonians of North America and all the members of the United Macedonians, the warmest appeal for unity, confident that you will find the strength to overcome all that separates you and that you will reach out a hand to each other with a brotherly hand for unity and unanimity, which is the only guarantee for the affirmation of the Macedonian nation and the spiritual and cultural values that created our nation.

Skopje, July 22, 1971
Tome Bugleski
President of the House of Immigrants of Macedonia.

По расцепот во 1971 год.Торонто гранка на Обединети Македонци од Северна Америка го добив следното писмо од нашиот многу почитуван претседател на Матицата на Иселениците од Македонија госп.Томе Буглески.

До: Претседателот на Јунајтед Мацедонианс за Северна Америка, Торонто.

Почитуван г. Гивенс,

Илинденскиот национален празник и Вашиот најавен пикник, за кој се надеваме дека телеграфцки ги примивте нашите честитки, ми даваат повод да Ви го напишам ова писмо, во кое накусо ќе се осврнам на сегашните потреси во колонијата во Торонто, и за кое одговорноста паѓа на сите Вас што се наоѓате на чело на македонците било од Ј. М. за Северна Америка, било на другите што раководат со Ј. М. за град Торонто. Не можеме да се отргнеме од болното чуство дека македонската колонија во Торонто, која некогаш претставуваше гордост на сите Вас, па и за Македонците во татковината, денес е разјадена од црвот на разединетоста, неединството во самите нејзини врвови.

Само единствени можевте да ги направите за кратко време оние велелепни работи - подигањето на црквата " Свети Климент Охридски" импозантните пикници како минатогодишниот, што придонесе за афирмацијата среде канадското општество на македонското име и македонската стварност. А неединствени што можете да постигнете? Потсмев и презир, за што нашите непријатели ќе си ги тријат рацете од задоволство.

Во името на тој голем Илинден, во интерес на просперитетот на македонската колонија во Канада, упатуваме до Вас раководството на Јунајтед Мацедонианс за Северна Америка и до сите членови на Ј. М. најтопол апел за единство, уверени

дека ќе најдете сили да го отстраните сето она што Ве разединува и дека ќе си подадете меѓусебе братска рака за единство и еднодушност, што е единствена гаранција за афирмацијата на македонската нација и на духовните и културни вредности што ги создал нашиот народ.

Скопје
22 Јули, 1971 година
Томе Буглески
Претседател на Матицата на Иселениците од Македонија.

Gadjovich's presidency

As I have mentioned before, after the split of the United Macedonians of North America Toronto branch, we had many difficulties in our efforts to unite the Toronto branch of the United Macedonians of North America. Mr. Gadjovich's involvement was one of the main reasons why we failed to come to any agreement. Why was Gadjovich blocking the possibility of coming to any agreement with the Toronto branch of the organization? As I mentioned earlier, Gadjovich, as president of the church, was holding the splinter group, led by Teli Morihovitis and Anton Pavlov, hostage. The splinter group leadership had no will of its own to disagree with Mr. Gadjovich. Basically Gadjovich was the decision maker for the United Macedonians of North America Toronto branch (splinter group). One of the reasons for this hostility towards us was because we demanded that he disclose the church's financial accounting for the years 1971 and 1972, when he was president of the church. Here are the minutes of the control committee, including the treasurer's report dated June 12, 1972.

Decision and report:

"The Control Committee reported that, to this day, it had not seen the Church financial reports because there had been no meeting held with the secretary treasurer. The reason for not having seen the financial reports was because the bookkeeper was not ready and did not make the time to be ready. Up to date we have called three meetings but the bookkeeper did not agree to attend. On April 16, 1972 we had a Control Committee meeting scheduled for 9:00 am but the bookkeeper, to our disappointment, did not show until 12:30 pm. We then scheduled a meeting on April 22 for 8:00 o'clock but Paul, the bookkeeper, did not show until 11:00 o'clock and that is why we did nothing with the financial reports. Even today, June 12, 1972, we have no exact report."

Signed by treasurer Kosta Apostolovski and members of the Control Committee Bill Terzievski, John Naumovski and Don Pappas.

Even though the administrative council and the bookkeeper had plenty of opportunities, they unfortunately failed to produce the books for inspection.

At the general membership meeting I criticized the financial statement and pointed out that it was incorrect. I have explained this further in another part of my book. In the meantime, Mr. Don Pappas, member of the control committee, took the matter a step further. Here is what he had to say at the general membership meeting:

"After talking to the legal department of the Ontario Ministry for Consumer and Commercial Affairs, I was advised to engage a lawyer, who was to prepare a petition.

Please be advised that the petition and the motion are not acts of suing the church or members of the church, but a request for the court to appoint an inspector to examine the 1971 and 1972 books. These are the facts, which are contrary to the rumours that are being spread among our church members alleging that we are suing the church or members of the church".

Before petitioning the court, on October 20th, 1972, our lawyer wrote a letter to President Sam Gadjovich, Secretary-Treasurer Kosta Apostolovski and Secretary Spiro Talevski in which, in part, he said:

"It would appear that you, jointly and severally, have refused or neglected to account to the members of the congregation of which you are trustees. It is my desire to obtain from you a voluntary accounting of the money which has passed through you during your respective terms of office and I Trust that you will not ignore the request contained in this letter as you appear to have resisted all attempts on the part of my clients to obtain such accounting."

On October 26, 1972 the Board of Directors sent a letter to lawyer Alan C. MacRobie, in which, in part, it said:

Dear Sir,

We received your letter and read it over but we did not understand what kind of payment you wanted settled. We know that the money that was received by us and passed through our hands during our respective terms of office, we trust will be paid back. However, we will need more information, specifically the names of the people who want their money back and their membership status with our church. We expect to hear from you within ten days, if we don't get your answer then we will use legal means to find the names of persons wanting their money back. And without further notice we will issue you a Writ of Summons from the Supreme Court of Ontario.

Yours truly,

The Board of Directors.

Don Pappas continued with his report to the general membership meeting with the following comments:

Also, a copy of the letter of reply by the board of directors has been submitted to the chairman of this meeting. Let me read it to you. But while I am reading it, someone from the floor please come up and explain its meaning because I am sorry as I fail to understand what it says...

I believe this letter is a good example which explains the difficulties that we had and the frustration we felt while dealing with Sam Gadjovich and his board of directors. By doing this, Sam Gadjovich was blocking the possibility of an agreement being reached between the splinter group, led by Morihovitis and his friends, and the Joint Executive Board of the United Macedonians of North America.

Attempts at Reconciliation – August 6th, 1973 - Minutes of Meeting

Upon the initiative of the delegates from the Socialist Republic Macedonia, a meeting between the organizations "United Macedonians of North America" and "United Macedonians of Canada" was held on August 6th, 1973. Present at the meeting were: John Givens, President of the Joint Executive Board of the "United Macedonians of North America", Petre Vasilevski, President of the "United Macedonians of North America", Toronto branch, Anton Pavlov, Chairman of the "United Macedonians of Canada", Bill Yanev, Chairman of the "United Macedonians of North America", Hamilton branch, Pavle Stergiou, Secretary of the "United Macedonians of Canada", Vangel Stoikovski, Secretary of the "United Macedonians of North America", Toronto branch, Kosta Durlov, Secretary of the "United Macedonians of North America", Hamilton branch, Teli Morihovitis, President of the St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Church Administration in Toronto, Vlade Ristovski, Vlado Steriovski, Petre Ilias, Pero Ginevski, Bill Klechov, Kire Janevski, Vlade Savevski, Paul Konstantinou, Danny Giuchos, Kosta Traichev, Pavle Basel, Jane Alexander, Kosta Romanovski, Pavle Ctoioc, Dan Pappas, Basil Stoikovski, Mike Tallin, Spiro Vasilev, Georgi Loukras, Borge Krstevski, Trpe Sarievski, Jimmy Bilkas, Priest Michael Teoharev of the St. Naum Macedonian Orthodox Church in Hamilton and the delegates from the Socialist Republic of Macedonia Vangel Nechevski Tunelot, Chairman of the House of Immigrants in Macedonia - Bitola, and Trajan Bavtirovski, Secretary of the House of Immigrants in Makedonija – Skopje, who led the meeting.

After some exhaustive discussion proposed by the president of the "United Macedonians" and under the insistence of the "United Macedonians of North America", a chairman was selected to lead the session. This person was Trajan Baftirovski, one of the delegates from Macedonia. After the chairman took his place, the president then invited the priests to say a prayer before the meeting began. After the prayer was read, the two priests were appointed as minute takers. After that, the chairperson read the meeting agenda:

1. Proposals to be made by the "United Macedonians of North America" and by the "United Macedonians of Canada".
2. Discuss the proposals made by the organizations.
3. Conclusions reached through the discussions of the "United Macedonians" proposals.

After that the chairperson asked representatives from the two "United Macedonians" organizations if they had pre-prepared proposals and items for discussion. The "United Macedonians of North America" had pre-prepared proposals but it was agreed that the proposals would be carried forward by the organization's president. The presidents would speak for the organizations. Representing the "United Macedonians of North America" was John Givens who read from his list of items as follows:

1. As a first condition to these proposals let us not discuss the Organization's past history.
2. The statute and charter of the "United Macedonians of North America", adopted during the First United Macedonians of North America Congress, must be the main condition for unification.

3. Form a coalition committee with an equal number of participants selected from the membership of both sides.

4. Regardless of all other conditions, in order to achieve full and lasting unification, some important changes must be made to the by-laws of our statute on behalf of the membership from each group separately.

5. After agreeing to the above points full unification of the organization can take place.

6. After unification has taken place and all changes to the rules and to the statute are adopted in accordance with the wishes of the two groups, an Extraordinary Conference will be convened to include all branches of the "United Macedonians of North America" during which everything that has been agreed to will be presented for approval and for inclusion in our constitution.

Dr. Vrazhinovski writes, 'A large number of the members of the organization United Macedonians and other immigrants have shown their national dignity and maturity.' To whom is he referring, I wonder? I believe that I am one of those who has shown their national dignity and maturity. I was an active member of the church community from the very beginning. My father, Mike Givens, was the first person to pay membership dues early in 1963 and I was the one and only member to pay dues for the previous year, 1962. This makes me officially the oldest member of the church congregation. I was a member of the board of directors from 1964-1965 during the construction of the church. I was the only one re-elected in September of 1965, as secretary-treasurer of the church from September of 1965 through to1966. I was a member of many boards with a small break in my service to the church and in 1981-1982 I was president of St. Clement of Ohrid Church. As vice-president in 1983, I was elected vice-president of our North American diocese for 1984-1985. I donated $500.00 in 1963 for the building of our church and gave a $500.00 loan to the church, which later was also donated. I also signed a bank guarantee for $2000.00. I'm certainly entitled to ask you, Anton Pavlov, were you one of those who displayed their national dignity and maturity? Begging your pardon, but when the church was being built, you were only a school boy.

It is both unfortunate and irresponsible that Dr.Vazhinovski's book, *United Macedonians*, published in the Republic of Macedonia in 1998, contains so many contradictions, misrepresentations and inaccuracies. This is not surprising, however, given that his primary source of information was none other than, Anton Pavlov. I believe Dr. Vrazhinovski should also share some responsibility for what he said in his book about us, tarnishing our good names, our dignity, and our reputation in the Macedonian community and trying to ruin everything we had worked for, in support of the Macedonian cause here in Toronto, and the wider region. What was worst is that he never gave us a chance to tell our side of the story before publishing his book.

Осврт на Македонската заедница во Канада и нејзиниот развој во Канада во книгата "Обединети Македонци" на д-р Атанас Вражиновски

Канадскиот Комитет на Обединети Македонци беше првата вистинска етничка македонска организација во Канада. Исто така, Комитетот беше иницијатор за изградба на нашата прва Македонска црква во Канада, Свети Климент Охридски во Торонто. Поголем дел од иницијаторите на организацијата беа активни членови во нивните селски добротворни здруженија, а некои од нив беа политички определени во Канада. Голема благодарност на сите оние луѓе, визионери во тоа време, кои доведоа до будење на нашата Македонска етничка свест, на нашата заедница и нејзиното наследство што ни овозможи денес да имаме силна македонска заедница.

Имајте во предвид дека поголемиот дел Македонци во Канада беа од грчкиот окупиран дел на Македонија и немаа никаква врска со Југославија. Затоа, нивната лојалност беше строго поврзана само со Македонија, првенствено, Егејска Македонија. Голем број Македонци во денешно време се обидуваат да ги идентификуваат и оценуваат нивните активности од пред 55 години, со примена на стандардите кои владеат во денешно време. Факт е дека Канадскиот Комитет на Обединети Македонци постигна повеќе во првите 10 години во споредба со следните 46 години од своето постоење. Тој факт не може да се негира. Голема благодарност на сите оние луѓе, кои беа дел од раководоството на организацијата во тоа време и сите Македонски патриоти од Македонската заедница кои успеаа и постигнаа многу.

Признавам дека имаше неколку лоши јаболка во организацијата. Јас би сакал да се спротивставам на нив во одбрана на сите оние патриоти Македонци од минатото, на кои им ја искажувам мојата благодарност за тоа што го направиле за нашата заедница во Канада. Мораме да истакнеме дека во тоа време нашите односи и помошта што ја имавме од Македонија беше една од најважните мотивации во нашата работа овде во нашата заедница. Македонија ни даде морален поттик и не охрабруваше во нашата работа, да се чуствуваме горди Македонски патриоти. Ова е и причината зошто ние бевме и останавме лојални на Македонија како што сме и денес.

Читајќи ја книгата на д-р. Атанас Вражиновски, бев инспириран да обезбедам детален и фактички осврт на мојата долгогодишна активност во организацијата Обединети Македонци и нашата црковна заедница, Свети Климент Охридски во Торонто. Што е најважно, почувствував потреба точно да ги претставам историските настани што се случуваа за време на моето долгогодишно учество кое се заснова на информации и факти земени од примарни извори како мене, заедно со копии од состаноци, записници и други документи кои ми беа достапни. Книги напишани само врз основа на информации од втора рака и прераскажувања не можат да дадат точен опис на историјата.

Во книгата, д-р Вражиновски пишува дека Македонските власти се плашеле од зајакнување на националната линија / платформа на ООМ и со тоа да ја загубат кревко воспоставената контрола врз некои членови од раководството. Јас не се согласувам со изјавата на авторот. Пред основањето на Канадскиот Комитет на Обединети Македонци во 1959 година, контакти со властите во Македонија имало многу малку, ако воопшто и ги имало. Всушност, Канадскиот Комитет на Обединети Македонци беше формиран за да одговори на потребите на нашата македонска етничка заедница овде во Канада во тоа време. Мора да им биде јасно на сите дека Комитетот не беше политички мотивирана организација во тоа време.

Основачите на Канадскиот Комитет на Обединети Македонци беа свесни дека воведувањето на политика во организацијата ќе значи нејзино уништување. Целта на организацијата беше секогаш единството на целиот Македонски народ во Северна Америка, без разлика на нивната политичка припадност. Сите ние бевме длабоко посветени на Република Македонија. Не беше возможно некој да биде анти-југословен во тоа време кога Македонија беше дел на Југославија и ја градеше својата иднина во рамките на таа федерација. Иако сè не беше идеално, беше важна отскочна даска која овозможи постоење на нашата сопствена независна

Македонска држава, од која сите Македонци сме горди. Јас сум среќен и горд што сум граѓанин на Македонија.

Сепак, подеднакво важно е да се разбере дека Македонија имаше непријатели овде во Канада и затоа беше неопходна потребата за една организација како нашата во педесеттите и шеесеттите години. Моравме да ја поттикнеме и разбудиме националната гордост на нашите иселеници кои главно доаѓаа од грчкиот окупиран дел на Македонија. Македонската власт со која ние соработувавме беше Матицата на Иселениците од Македонија која имаше јасно разбирање за нашиот мандат во 1959 година.

Некои современи интерпретатори тврдат дека во текот на тој временски период, да се биде добар Македонец значеше дека мораш да бидеш анти-југословен. Ова тврдење е целосно неточно. Во ниту еден момент Обединети Медонци не се произнесоа дека се про или анти-југословени. Но, со сигруност може да се тврди дека беа про-македонски. Обединети Македонци никогаш не беше политичка организација. Таа беше и остана национална Македонска културна организација.

Да, времињата се сменија како што и светот се промени. Затоа ние инсистираме на тоа времето и настаните да одиграат вистински дел во раскажувањето на активностите на организацијата и работењето на членовите активисти.

Останува фактот дека т.н. "федералисти" во вашата книга, беа основачите на Канадскиот Комитет на Обединети Македонци, а подоцна, на Македонската православна црква Свети Климент Охридски во Торонто.

Затоа, Г-дин. Вражиновски во ова време, е тешко да се наречат "федералисти". Пред да станат федералисти, како што вашиот соработник ги нарекува, тие мораше да бидат вистински патриоти. Јас го кажувам ова не затоа што сакам да бидам познат како националист ниту пак да бидам познат како федералист туку едноставно како добар Македонски патриот, а ако тоа е премногу големо барање, тогаш само добар и чесен Македонец. Јас го кажувам ова од името на сите мои претходници и соработници кои работеле напорно за да се промовира Македонската кауза во Канада и Соединетите Американски Држави. Како такви заслужуваме поголемо признание и почит отколку што ни е дадена во книгата на Вражиновски. Исто така, верувам дека на крајот на конечната пресуда, човекот ќе биде суден врз основа на своите дела и наследството кое го остава зад себе. Проблемот е дека авторот на книгата Обединети Македонци, слепо верувал во лагите на неговиот соработник.

Ако сериозно ги прифатиме повеќето од изјавите на д-р Вражиновски, тоа би значело дека сите наши достигнувања во Канада се направени во име и во полза на југославизмот, само затоа што некој не нарекол нас основоположниците на Обединети Македонци "федералисти". Натамошната импликација би била дека тие таканаречени федералисти биле анти-македонци. Ова е едноставно обид на некои луѓе да покажат дека тие беа добрите Македонци декларирајќи се како "големите националисти" во Канада.

Празните пароли на Антон Павлов беа повторени од страна на д-р Атанас Вражиновски во неговата книга, "Обединети Македонци", објавена во 1998 година во Македонија, каде што примарниот извор на информации беше никој друг туку Антон Павлов. За жал, невозможно е да ги спомнеме сите противречности и лаги што се најдоа во неговата книга, "Обединети Македонци".

Еве што пишува авторот на книгата "Обединети Македонци" за Антон Павлов:"Посебна благодарност му изразувам на Антон Павлов и на неговата сопруга Росица Павлова кои несебично ми помогнаа во расветлувањето на некои моменти од дејноста на ООМ, кои не ми беа доволно расчистени и јасни, и ми дадоа на располагање документи од активностите на организацијата."

Покрај неточностите и грешките во книгата, авторот се фокусира премногу на наводниот проблем на југославизмот во редовите на раководството на организацијата во текот на шеесеттите и седумдесеттите години. Оние од нас, кои всушност бевме присутни знаат дека тоа не беше така до 1975 година и понатаму. Неодговорно е денес сите да не обои со истата "федералистичка". Др. Вражиновски овде најверојатно ги изразува сопствените ставови, а не реалноста на времето и што се случило.

Понатаму, Др. Вражиновски не успева да ја види разликата помеѓу Канадскиот Комитет Обединети Македонци и неговиот наследник, Обединети Македонци од Северна Америка и отцепничката група, Обединети Македонци од Канада - огранокот Торонто. Да ги групира заедно во ист кош е целосно неточно и неодговорно.

Јас би сакал да се заблагодарам на Др. Атанас Вражиновски за неговиот труд и придонес во обидот да ја раскаже приказната на организацијата Обединети Македонци. Сепак, принуден сум да кажам дека неговиот деклариран извор на информации, Антон Павлов, не успеал да ја каже вистинската приказна во целост, дури и ако тој имал можност да го стори тоа.

Канадскиот Комитет Обединети Македонци, од своето основање па се до Конгресот во 1970 година, беше обединета организација која се стремеше за уште поголеми успеси со вклучување на нови гранки. Откако организацијата се прошири со нови гранки во Хамилтон и Виндзор, организацијата беше наречена Обединети Македонци од Канада. Со формирањето на нова гранка во Детроит, организацијата почна да се нарекува, Обединети Македонци од Северна Америка. На конгресот во септември 1970 година, официјално беше усвоено името, Обединети Македонци од Северна Америка, со четири свои гранки во Торонто, Виндзор, Хамилтон и Детроит. Очигледно, она што го правеше оваа организација не беше во интерес на нашите непријатели, кои работеа без прекин да најдат начин да го уништат и да го запрат напредокот во обединувањето на етничките Македонски иселеници во Канада и Соединетите Американски Држави. По поделбата на организацијата и одржувањето на два Илинденски пикници, многу беше изразен притисикот кој доаѓаше од властите во Македонија да се одржи еден пикник и да се зачува единството на нашата заедница. И покрај нашите настојувања и напори, не успеавме да постигнеме договор да се одржи еден пикник, поради противењето на расцепничката група предводена од Мориховитис и неговите т.н. "националисти". На наредното членско собрание на Обединети Македонци од Северна Америка, огранокот Торонто, беше одлучено во името на единството на нашата заедница, да не се одржуваат пикници во иднина и постепено да се намалуваат активностите на организацијата.

Бидејќи останав претседател на Обединети Македонци од Северна Америка, која сега беше неактивна корпорација, во 1999 година ја откажав корпоративната повелба. Организација со четири гранки низ Канада и Соединетите Американски Држави сега стана непостоечка. Нашите непријатели, внатрешни и надворешни, ја

предизвикаа смртта на организацијата со помош на т.н. националисти на Обединети Македонци од Канада, огранокот Торонто. Се поставува прашањето, кој беше победник во сето ова? Мојот одговор е непријателите на Македонското движење за поголемо единство на нашиот Македонски народ во Канада и САД.

Најплодните години на организацијата беа во текот на шеесеттите години. George Loukras, еден од нашите поранешни претседатели, го нарече, "Златната доба на националното движење во Канада". Тоа беше време на голема обединетост и позитивен раст каде што Македонците работеа заедно за да се постигне една заедничка цел, единство на сите македонски иселеници во Северна Америка.

Меѓутоа, кога го поразив Антон Павлов за претседател на Обединети Македонци од Северна Америка на конвенцијата во 1970 година, група на чело со Аристотелис Мориховитис, шест месеци по одржувањето на конгресот, на 7 Март 1971 година свика состанок на огранокот Торонто на Обединети Македонци од Северна Америка. Ова собрание не беше во согласност и ги прекрши одредбите на Уставот на Обединети Македонци од Северна Америка. Согласно Уставот, "Изборното членско собрание мора да биде свикано со препорачано писмо испратено 21 дена пред изборите до сите редовни членови со утврдена агенда на состанокот." Ништо од горенаведеното не се случи. Во периодот од 1969 до 7 март 1971 година, Мориховитис беше претседател на огранокот Торонто кој ја претставуваше организацијата на конвенцијата. Антон Павлов беше секретар, а јас бев благајник. Што се случи? Мориховитис свика редовен состанок, но повикувајќи ги само неговите сојузници да присуствуваат. Важно е да се знае дека и покрај тоа што бев благајник на огранокот Торонто, не бев поканет да присуствувам.

Јас, заедно со многу други непоканети членови откако разбравме дека се одржува состанок, отидовме на тој состанок и по пристигнувањето дознавме дека Мориховитис всушност спроведува нелегални избори. Како благајник јас бев обврзан да обезбедам финансиски извештаи за членството. Согласно Устав, не може да се одржат избори, без претходно да се обезбедат тековни финансиски извештаи на членството. Уште еднаш, овој состанок и се што се случи во текот на состанокот беше незаконски и нелегално.

Иако ние жестоко се спротивставивме на нелегалноста на изборите, не успеавме да ја стопираме и во знак на протест, ние го напуштивме собранието. Расцепничката група го избра "националистот", Антон Павлов за претседател на Обединети Македонци од Северна Америка, огранокот Торонто. Овие активности превземени од страна на расцепничката група беа ништо повеќе од "кисело грозје", откако ја загуби претседателската трка за Заедничкиот Управен Одбор на Обединети Македонци за Северна Америка. На овие избори јас победив, но не со еден глас како што нагласува Др. Вражиновски во неговата книга, туку со 38 гласови наспроти 23. Овие нелегални постапки резултираа со поделба на членството во Торонто, на две спротивставени групи.

Заедничкиот Управен Одбор (Централен Комитет) одржа состанок во Хамилтон, Онтарио на 12 Јуни 1971 година. На состанок присуствуваа: Џан Гивенс, Васил Диневски, Бил Јанев, Антон Павлов, Доне Паппас, Џон Сукас, Бил Клечов, Алекс Јанев, Коста Романовски, записничар Петре Василевски. На состанокот присуствуваа и Аристотел Мориховитис, Владо Ристевски, Петер Кондофф, Коста

Станвик, Спиро Базел, Ило Опасини, Спиро Карфел, Ангело Аргиро, и Дени Ѓучос. На овој состанок, Заедничкиот Управен Одбор ги донесе следните решенија

а) Состанокот (изборен) кој се одржа на 7 март, 1971 година од страна на огранокот Торонто, беше прогласен за ништовен и неважечки. Сите донесени одлуки кои се однесуваат на одделот за Торонто гранка помеѓу 7-ми Март и 12 Јуни 1971, исто така се ништовни и неважечки.

б) Заедничкиот Управен Одбор му наредува на Обединети Македонци (Торонто) дека управата за1969/71 (управата која беше во сила пред 7ми Март) останува во сила и да продолжи со работа до потамошното известување.

ц) Традиционалниот Илинден Пикник кој го одржуваше огранокот Торонто, стана манифестација на сите гранки на Обединети Македонци од Северна Америка. Затоа автоматски потпадна под јурисдикција на Извршниот Управен Одбор. Оваа година Илинденскиот Пикник ќе биде спроведен (организиран) од Извршниот Управен Одбор и сите гранки се повикуваат да дадат полна подршка за овој ден да прерасне во вистинска манифестација на сите Македонци.

д) Одлуката донесена од страна на првиот состанок на Заедничкиот Извршен Одбор, за регистрација на организацијата беше финализиран и одобрен.

Како резултат на тоа, по поништувањето на нелегалните избори одржани на 7 Март 1971 година од страна на Заедничкиот Управен одбор на Обединети Македонци од Северна Америка и одбивањето од страна на расцепничката група да ги почитува одлуките на Заедничкиот Управен одбор, огранокот Торонто распиша нови избори на кои беше повикано целокупното членство на Обединети Македонци од Северна Америка вклучувајќи ја и отцепничката група преку со препорачана пошта.

Иако расцепничката група присуствуваше на состанокот, откажа да учествува на изборите и ја прекина постапката до таа мера што требаше да се повика полиција. Како резултат на тоа, претседателот беше принуден да го прекине состанокот пред да се одржат изборите. Следствено на тоа, нови избори беа закажани за гранката Торонто на Обединети Македонци од Северна Америка, на кој состанок Петре Василевски беше избран за претседател.

Расцепничката група се спротивстави на апликацијата на Заедничкиот Управен Одбор да ја регистира организацијата под провинциските корпоративни правила на Онтарио, согласно претходното решение на Заедничкиот Управен Одбор на Обединети Македонци од Северна Америка, во чие донесување учествуваше и расцепничката група.

Искористувајки ја можноста и времето кога нашата апликација беше замрзната поради нивниот приговор до провициските власти, тие тајно аплицирале до федералните власти за регистрација на нивната организација во Отава.

Тие ги излажаа федералните власти дека постои друга организација со исто име и се разбира не им откриваат на властите во Отава дека тие веќе приговарале на локалните власти за нашата апликација на Обединети Македонци од Северна Америка за регистрација со провинциската влада. На крајот, со отфрлањето на нелегалните избори од 7 Март 1971 година од страна на Заедничкиот Управен Одбор и апликација до провинциските власти, резултираше расцепничката група да биде принудена да го прифати името "Обединети Македонци од Канада, огранок Торонто" , со кое име тие ја регистрираа нивната расцепничка група во Отава.

Во наредните месеци, расцепничката група продолжи да работи одделно и независно од Обединети Македонци од Северна Америка, огранокот Торонто. Тие едноставно се отцепија од матичната организација на Обединети Македонци за Северна Америка. Кога стана јасно дека тие се откажаа од матична организација, огранокот Торонто на Обединети Македонци од Северна Америка одлучи да го прекине нивното членство во матичната организација. Со други зборови, тие беа исфрлени од Обединети Македонци од Северна Америка. Огранокот Торонто ги извести во писмена форма дека нивното членство е прекинато.

Со поделбата, вратите на огранокот Торонто беа ширум отворени за поединци и различни групи да изразуваат секакви видови на реторики и пропаганда во име на Обединети Македонци, кои беа во спротивност со принципите и статутот на матичната организација. Секоја група се обидуваше да се декларира како поголеми патриоти од другите. Како пример, можеме да го погледнеме Антон Павлов. Д-р Вражиновски го опишува Павлов и неговата платформа, ја карактеризира како националистичка и затоа Павлов го гледа како "националист". Тој исто така го опишува "другото крило", оние кои не се со исто мислење како Павлов, вклучувајќи ме и мене, како "федералисти". Важно е да се забележи дека оваа националистичка платформа, полна со противречности никогаш не беше прифатена од страна на неговата организација, Обединети Македонци од Канада, огранокот Торонто. Наместо тоа, тие се уште го користат Уставот на Обединети Македонци од Северна Америка т.н. "федералисти". Иронијата тука е богата и не може да се преувеличува.

Одеднаш, Заедничкиот Управен одбор станаа "федералисти", а Антон Павлов, сомопрогласениот "националист", кој загуби на претседателските избори на конвенцијата. Тој беше еден од оние опортунисти. Декларирајќи се "националист", тој се обидуваше да покаже дека тој е подобар Македонец од сите нас. Тој излезе со неговата т.н. платформа, едно контрадикторно парче хартија, претендирајќи да се прогласи за голем "националист". Но, неговата платформа никогаш не беше прифатена ниту од неговата група. Со други зборови, и јас ќе бидам груб, едно парче хартија добро само за во тоалет!

Пред да се осврнам на некои од обвинувањата и лаги напишани за мене лично, јас би сакал да го прашам Др. Вражиновски неколку прашања. Претходно ја напоменав важноста на реалното време и настаните што се случија во текот на шеесеттите и седумдесеттите до осамостојувањето на Македонија во 1991 година. Д-р Вражиновски, дали ќе се согласите дека во текот на шеесеттите и седумдесеттите години, а особено во времето кога станав претседател во 1965 година, дека имаше само еден извор на светлина на хоризонтот за нас? Дали Народна Република Македонија во рамките на Југословенската федерација беше единствената надеж за подобра иднина за сите Македонци? Нели мислите Др. Вражиновски, дека во времето кога нашата земја беше дел од Југославија, една организација како што беше нашата, немаше друг избор освен да соработува со Македонските власти?

Имаше ли некоја алтернатива, која ќе им овозможеше на македонските иселеници да се надеваат на подобра иднина? Дали Вие укажувате на тоа дека членовите на Обединети Македонци требало да се спротивстават на Македонската влада, бидејќи тие биле "федералисти", знаејќи многу добро дека тие беа татковците на Народна Република Македонија? Во тоа време, за нас, клучното

прашање беше брзиот развој и просперитет на Народна Република Македонија, без оглед на која федерација припаѓаше. Дали тоа не правеше "федералисти", не ме загрижува ниту малку денес.

Д-р Вражиновски продолжува и вели: " Првата поделба во организацијата, е забележана во 1964 година, кога почна изградбата на црквата Св. Климент Охридски". Тој не е во право. Ако имало поделба, последиците би биле сериозно штетни за напредокот за црковната изградба и на нејзината општина и Синодот. Факт е дека немаше расцеп во Канадскиот Комитет на Обединети Македонци. Но, во тек на тоа време, а особено 1964-1965, некои членови на организацијата беа критички настроени кон начинот на кој Извршниот одбор на директори на црквата, под раководство на Коста Ендрјус, ја водеше работата и беа строго спротивставени на нивните политики. Иако бев директор во одборот на Коста Андрдрјус, и јас исто така бев против многу негови постапки. Благодарение на единството на Канадскиот Комитет Обединети Македонци и членовите на црквата, успеавме во отстранувањето на извршниот одбор на чело со Коста Ендрјус (освен јас кој бев ре-избран од тој состав на црковната управа), ја отстранивме анти-синодската пропаганда и политики, кога беа надгласани и симнати од власт на изборите во Септември 1965. Ова потврди дека црквата Свети Климент Охридски ќе остане под јурисдикција на својата мајка Македонска Црква во Скопје.

Д-р Вражиновски исто така пишува, "Важен настан кој придонесе за потамошните проблеми и расцеп во самата ООМ и воопшто во иселеништвото, се случи за време на осветувањето на Свети Климент Охридски, од страна на тогашниот Архиепископ Охридски и Македонски, Г.Г. Доситеј, во 1964 година. " Дали се шегуваш Др. Вражиновски? Уште еднаш, ова е сосема неточно. Дали писателот беше збунет или пак го хранеле со неточни информации? Без разлика, она што д-р Вражиновски го пишува едноставно е повторување на анти-синодската пропаганда од 1965. Тоа е понижувачки и деградирачки да се имплицира дека Негово Блаженство, Архиепископот на Македонија Доситеј, имал некаква врска со проблемите на организацијата, бидејќи немаше никаква инволвираност на Архиепископот.

Д-р Вражиновски продолжува да пишува, "Во тоа време имаше сериозен проблем кој предизвика немир помеѓу македонската етничка заедница во Торонто." Се разбира дека Македонците беа вознемирени. Тие беа крајно вознемирени поради оние кои ја шириа анти-синодската пропаганда против членовите на црковната делегација од Македонија за време на осветувањето на нашата црква предводена од Неговото Блаженство Архиепископот Доситеј.

Тоа беше големото мнозинство на црковната општина, кое се согласи да застане цврсто во својата желба да се задржи и да се зачува единството помеѓу нашата црква и мајката црква, Македонската православна црква во Скопје, Македонија. Тоа беше од позиција на солидарност и единство на нашата организација која беше суштинска за победата над оние елементи во нашата заедница, кои беа против јурисдикцијата на нејзината мајка црква.

Членството на Обединети Македонци, кои беа членови и на нашата Црква, заедно со поголемиот дел од членовите на Свети Климент Охридски, гласаа и се стави крај на дилемите и сомнежите во врска со надлежноста и авторитетот на светиот Синод во Скопје, на изборниот состанок во Септември 1965 година.

Вториот обид против јурисдикцијата на Македонскиот синод се случи во 1981 година, кога некои членови, заблудени во нивната љубомора, веруваа дека судскиот процес беше насочен кон мене како новоизбран претседател и мојот новоизбран одбор на директори. Сепак, тој обид пропадна мизерно.

Д-р Вражиновски се обидува да го опише изборниот процес на Конвенцијата од 1970 година кој ќе го парафразирам. “За време на Конгресот, се појави список подготвен од Спиро Басил со номинација на Џон Гивенс за претседател. Во тоа време, претседател на огранокот на Торонто беше Тели Мориховитис и секретар беше Антон Павлов. Со појавата на листата, се створија две струи во организацијата. Антон Павлов тогаш беше номиниран против кандидатот Џон Гивенс. Со еден глас повеќе, Џон Гивенс победи. Да го цитирам писателот, "За претседател на федералистичкото крило беше избран Џон Гивенс". Ова е целосна лага. По неговиот пораз за претседател, Спиро Василев го номинира него за позицијата секретар. Ако Антон Павлов беше опозицијата на Спиро Василев, зошто Спиро Василев го номинира за секретар? Нормално е Спиро Василев да предложи свој кандидат, некој како Џон Гивенс. Зошто Антон Павлов?

Резултатите од изборите беа како што следи: 38 делегати гласаа за Џон Гивенс и 23 делегати гласаа за Антон Павлов (читај записникот на Конвенцијата). Дали логиката на писателот и неговиот соработник е дека имаше само 23 "националисти" и дека сите оние кои гласале за Џон Гивенс беа "федералистите"? Секако дека ова не е вистина. Всушност, Павлов како секретар е избран со 50 гласови од вкупно 61 делегати, вклучувајќи го и мојот глас. Ова покажува дека Павлов, исто така, беше избран од страна на "федералистичкото крило”. Едноставна математика покажува дека 27 т.н. "федералисти" гласаа за него. Вистината, едноставно кажано е дека немаше таква поделба на националисти и федералисти на конвенцијата како д-р Вражиновски погрешно тврди. Способноста на кандидатот и довербата што тој ја стекнал меѓу делегатите беше клучната причина за поддршката на делегатите.

Вражиновски пишува: "Со појавата на листата настанаа две струи во организацијата. Посебно незадоволство листата предизвика кај делегацијата од Виндзор, која изрази несогласување со постапката на Спиро Базел". Да, листата предизвика незадоволство меѓу браќата Васос од Виндзор, кој го поддржувале Антон Павлов за претседател. Како што споменав, вистината е дека јас исто така ја имав поддршката од најмалку двајца делегати од делегацијата од Виндзор; заслужните Васил Диневски и Џон Soukas, и двајцата беа избрани во мојот Заеднички Управен одбор. Иронијата тука повторно е богата. Браќата Васос, про-Југословените, го поддржаа "националистот"...

Без оглед на тоа како браќата Васос гласаа на конвенцијата, морам да кажам дека бев во добри односи со Боб Васос, па дури и бев гостин во неговиот дом, кога јас патував до Виндзор. Секој има право на своите верувања. Јас не се обидувам да критикувам некого, ниту пак се обидувам да нападнам некого, но останува фактот дека браќата Васос несомнено беа про-југословени за време и по конгресот.

Недоразбирањата меѓу Спиро и браќата Васос беа во однос на прашањето кој беше про или анти-југословен. Браќата Васос го сметаа Спиро за анти-југословен. Тоа значи дека Антон Павлов без сомнение беше кандидатот на федералистите. Инаку, зошто федералистите би го номинирале "националистот" Антон Павлов за претседател? Тоа нема никаква смисла. Пред и за време на конгресот, Павлов и Мориховитис не се изјаснија дека се националистичкото крило на организацијата и

дека остатокот од Обединети Македонци од Северна Америка се федералисти! Оттука, дали јас бев во позиција да бидам кандидат на федералистите?

Д-р Вражиновски ја поврзува организацијата со проблемот на југословенизмот - кој стана поизразен во втората половина на 1970-тите години. Во тоа време Генерален Конзул на Југославија во Торонто беше Босанец. Овде писателот ги изразува своите политички сфаќања во неговата анализа за работата на организацијата, пред и по поделбата во 1971. Ние веруваме дека контрадикторните толкувања и лагите на неговиот соработник помогнаа да се уништи трудот и угледот на писателот.

Писателот пишува и заклучува дека: Главната причина за нова поделба во организацијата Обединети Македонци е поврзана со формирањето на т.н." Југословенски Сојуз". Во 1975 година се појави нова иницијатива со цел да ги обедини сите Југословенски имигранти во една организација, која ќе работи тука во Канада. Идејата за основање на таква организација потекнува од Југословенскиот Конзулат во Торонто. Претседателот на организацијата во тоа време, Џон Гивенс се согласи организацијата Обединети Македонци да се приклучи кон Југословенскиот сојуз. Сепак неговата цел не е постигната. Набргу потоа, е избран нов претседател и ново (Обединети Македонци) раководство, кое беше убедливо против пристапувањето во југословенската унија.

Ова е апсолутна бесмислица, лаги и измислици на неговите информатори. Во тоа време, 1975-1976, немав никаков контакт со Југословенскиот Конзулат во врска со оваа покана! Ниту сум присуствувал на таква средба. Дури и ако сум бил контактиран, никогаш не сум бил во позиција едностранo да се согласам или да не се согласувам. За да преземам таква акција или било кој друг претседател, потребна беше претходна согласност од Заедничкиот Управен Одбор/Централен Комитет. Прашањето што мора да се постави е како информаторите на Др. Вражиновски знаеја за мојата намера за приклучување кон Југословенскиот сојуз? Прашањето повторно е кој ме замени како претседател? За кои Обединети Македонци говори? Др. Вражиновски пишува за средбата на Тели Мориховитис со Југословенскиот Конзул во Торонто во 1976 како претседател на Обединети Македонци во врска со присоединувањето кон Југословенскиот сојуз. Што сакаше да постигне неговиот соработник со оваа лага? Овој ли беше најдобриот удар против Џон Гивенс?

Еве ја ситуацијата која всушност преовладуваше во 1974-1976.

Јас, Џон Гивенс бев еден и единствен претседател на Заедничкиот Управен одбор / ЦК на Обединети Македонци од Северна Америка до откажувањето на неговата повелба во 1999 година. Немаше Втор Конгрес на организацијата и затоа немаше нови избори каде што би можело да ме замени. Тогаш кое беше новото раководство кое ме замени, како што Др. Вражиновски тврди? Немаше такво. Џејмс Саундерс беше претседател на Обединети Македонци од Северна Америка, огранокот Торонто и отцепничката група "Обединети Македонци од Канада Торонто гранка" беше под раководство на Тели Мориховитис и Антон Павлов.

Со сите проблеми што ги имавме околу нашето единство и одржување на еден Илинденски пикник во 1975-1976, едвај можевме да ја обединиме нашата организација, а уште помалку да се приклучиме кон Југословенскиот сојуз. Ние немавме јазик да се обединиме самите, камоли да се приклучиме на друга организација. Освен тоа, на која организација "Обединети Македонци" јас бев претседател? Јас верувам дека неговата намера беше да го збуни читателот наместо

да го просветли. Можеби е интересно, да се истакне дека во 1975 година, Генералниот Конзул не беше Македонец.

Не би имало таква покана поради составот на членството во организацијата, како што не би имало интерес на Обединетите Македонци од Северна Америка како целина да се приклучат кон Југословенски сојуз. Би сакал да го предизвикам Др. Вражиновски повторно да ги посети неговите информатори и да го докаже и потврди неговото нечесно и неосновано обвинување и невистини кои ја исполнија неговата книга, Обединети Македонци.

Да погледнеме сега прашањето околу Југославизмот и моето гледиште по ова прашање (а не тезите за мојот персонален југославизам). Дозволете ми да кажам дека јас никогаш не сум живеел во Југославија или во Република Македонја. Во 1988 г. имав привилегија да добијам Југословенско Државјанство, по прецизно кажано, моето Македонско државјанство. Го добив со внатрешна помош од Македонија. Денес, јас сум горд да кажам дека сум граѓанин на Република Македонија, но како што кажав јас не сум живеел таму. Ако тоа е нешто што ме правеше Југословен, во тој случај бев Југословен. Денес Југославија ја нема, но јас останувам да бидам лојален граѓанин на Македонија. Голема штета е што книгата на Др. Вражиновски е полна со контрадикции, лаги и инсинуации. Со лагите, неговиот соработник Антон Павлов не само што му ја одзема репутацијата на раскажувач, но и неговиот труд пишувајки ја оваа книга - исполнета со лаги. Се разбира ние знаеме дека целиот расказ на Др. Вражиновски е полн со лагите на Антон Павлов, инсинуации и убиство на карактерот.

Тој продолжува, "Со одлука на Генералното членско собрание на Обединети Македонци од Канада, Џон Гивенс и неколку други, кои се истомисленици, беа ослободени од членство." Прашањето се поставува, за какво членство станува збор? Вражиновски тука не успева да ја идентификува контрадикцијата. Тоа не би било можно за Антон Павлов, претседател на расцепничката Организацијата на Обединети Македонци од Канада, да протерува членови од "ЦК" како што го нарекува Антон Павлов, на Обединети Македонци од Северна Америка. Како е можно членови на една организација да бркаат членови на друга организација, во која тие не се членови? Неуспехот на Д-р Вражиновски да направи разлика помеѓу различни организации многу придонесе за неуспехот на неговата книга.

Злонамерно обвинетите, од кои јас бев еден, иницираше правна постапка против Антон Павлов и неговата група, која на крајот доведе до издавање на формално извинување и повлекување на неговите клеветнички изјави во врска со наводното протерување.

Дел од извинувањето/демантот гласи: "Понатамо тврдиме дека горенаведените лица на кои им го правиме ова извинување никогаш не биле протерани од "Организацијата Обединети Македонци". Ние исто така веруваме дека горенаведените се искрени Македонски патриоти, како и добри Канаѓани, чија чесност, интегритет, и интерес во работата од областа на македонската заедница е над сомнеж и непрогрешлив. Ние го правиме ова извинување со искрена надеж дека нашата акција може да биде добра и корисна лекција за сите нас и нашите идни генерации и ќе им служи на интересите на нашата македонска заедница во Канада и на друго место."

Прашањето е, зошто Др. Вражиновски не пишува, па дури и да спомне за извинувањето на Павлов во својата книга? Не знаеше за ова извинување? Дали

Антон Павлов не му ја кажал целата приказна или Др. Вражиновски намерно избрал да не ја вклучи оваа многу важна вистина во неговата книга.

Дозволете ми да провериме што пишува Др. Вражиновски за поканата на Професор Др. Џорџо Нурицани на Конгресот. Тој пишува: "Поканетиот Џорџо Нурицани првобитно не ја прифати поканата на ООМ". Покрај големата презафатеност околу печатењето на три негови книги, една од причините што не сакаше да ја прифати поканата е одбивањето да учествува на конгресот во ситуација кога Организацијата е поделена и во нејзините редови владеат големи недоразбирања. Неговото писмо до Матицата датира од 20.08.1995 година. Сепак Џорџо Нурицани се предомисли и учествуваше на конгресот".

Освен тоа што има очигледна грешка со датумот, Др. Вражиновски целосно погрешил или бил погрешно информиран за содржината на наведените писма на д-р Џорџо Нурицани, копии кои може да се најдат во оваа книга. Никаде во своите писма Др. Нурицани не наведува причина за некаков расцеп во организацијата. Никаде. Ова го повлекува прашањето: како тогаш Др. Вражиновски дојде до овој заклучок? Кои од именуваните негови извори го снабдиле со оваа дезинформација, а уште поважно, зошто?

Ние би сакале да го прашаме на соработникот на д-р Вражиновски , како тој знаел и кој му кажал на Др. Нурицани дека постои поделба во организацијата? За каков вид на поделба зборува тој? Дали неговиот соработник го контактирал д-р Нурицани и побарал од него на лице место да се произнесе кои се неговите причини за недоаѓањето на конгресот? Дали соработникот на Др. Вражиновски го советува на професорот да не оди на конгресот, кога беше познато дека поканата беше испратенана од страна на Матицата на иселениците од Македонија, и дека целата работа одеше преку Матицата на иселениците? Зошто Професорот Нурицани не спомнува во неговите писма до Матицата и до Обединети Македонци од Северна Америка дека една од причините што тој не сакаше да присуствува на Конгресоте беа нашите поделби? Единствените лица информирани за одбивањето на Др. Нурицани да присуствува мора да бидат Др. Вражиновски и неговите соработници по ова прашање. Нашето незадоволство произлегува од фактот што д-р Вражиновски ги знаеше сите одлуки на др. Нурицани, но тој одбра да му верува на неговиот соработник.

Вражиновски пишува дека на конгресот во 1970 година, "Опозициската група на Спиро Василев го предложи Антон Павлов за претседател. По поразот на Павлов за претседател, Спиро Василев го номинира него за секретар." Прашањето е ако Спиро Василев беше федералист, зошто тој потоа се сврте и го номинира својот противник, Антон Павлов "националистот", за позицијата секретар? Ова нема никаква смисла, но е уште една очигледна контрадикција во неговата книга. Ова е уште еден доказ дека всушност, не постоеше поделба во организацијата на конгресот на фиктивни националистички/ федералистички линии.

Д-р Вражиновски наведува дека, "Еден од членовите на победничката група напишал доста навредливо писмо, во кое меѓу другото, групата на С. Базел беше обвинета за проневера на пари. Ова писмо како да даде знак за нови судири меѓу двете групи. Се отвори судски процес против ООМ." Оваа негова изјава е неодговорно двосмислена и смешна. На која организација мисли кога Др. Вражиновски вели: "Организацијата Обединети Македонци"? А која е "победничката група"? Кој всушност го напишал ова писмо? Кои биле тужителите

и кои беа обвинетите во овој судски процес? Која организација се наведува како тужена странка во судскиот процес? Нема! Ве молиме видете на спецификите на случајот подолу.

Тужители беа: Спиро Басил (Василев), Павле Басил, Бил Dundas, Питер Kondoff, Џон Гивенс, Бил Clechov и Џон Tsarnenkov, сите членови на Обединети Македонци од Северна Америка.

Обвинети беа: Тели Мориховитис, Антон Павлов, Владе Стериовски, Крис Dimoff, и 15 други, сите членови на Обединети Македонци од Канада, огранокот Торонто.

Ниедна организација не е наведена во судските постапки, па како може Вражиновски да тврди, "Судска постапка се отвори против Организацијата Обединети Македонци"?. Не само што неговите тврдења се лажни, тие се пристрасни и со цел да го измами читателот. Се чини дека сака да ја префрли вината за судскиот процес далеку од членовите на Обединети Македонци од Канада, огранокот Торонто. Во реалноста тие го напишале тоа обвинувачко писмо. Како инаку би се нашле копии од ова писмо во нивната поштенска покана за Илинденските прослави? Ова е исклучително важно да се разбере дека ова инкриминирачко и клеветничко писмо беше испратено до повеќе од 4.000 семејства во Канада и во САД!

Јас бев идентификуван како дел од групата na Спиро Басил и заедно со многу други, ние бевме обвинети за повеќе од една клевета и проневера за пари, иако Др. Вражиновски избра да спомене само една (ве молиме погледнете во обвинувањето проневера на пари). Според мое мислење, ова обвинување беше најтешката лага, оставајќи малку простор да се браниме. По издадената тужба против нив, обвинетите сами потпишаа извинување и повлекување на 25 април 1974 година во однос на невистинити и лажни обвинувања. Што додава навреда и повреда е дека д-р Вражиновски избра да пишува за обвинувањата, но намерно не спомнува дека виновниците ги повлекоа своите обвинувања. Дали Антон Павлов, кој беше еден од обвинетите не му спомна на д-р Вражиновски за неговото извинување или Др. Вражиновски намерно го изостави од книгата?

Она што е иронично, е фактот дека Антон Павлов бара помош од адвокатот Бил Ендрјус, кажувајќи му го на Вражиновски следново: "Јас говорев со нашиот адвокат, кој не бранеше. Тој беше синот на покојниот Коста Ендрјус и тој лично ми рече: Антоне најдобро е да најдете решение за проблемот да не се оди на суд. На суд нема да има победник. Победници ќе бидеме само ние, адвокатите"… и продолжува со неговите лаги.

Но, она што јас го наоѓам иронично е тоа што еден од најгласните противници, меѓу другите, против црквовна управа, во 1964 и 1965 година, која ја водеше г-дин Коста Ендрјус, таткото на Бил Ендрјус, беше Луис Опашинов,вклучувајќи го и неговиот помлад брат, Антон Павлов. Луј Опашинов беше награден од страна на членството со заменик-претседател во Септември 1965 година за неговота опозиција кон Коста Ендрјус.

Пред одржувањето на конвенцијата имавме лотарија за автомобил на 5 Септември, 1970 година. Да погледнеме на еден дел од документите од финансискиот извештај на Конвенцијата од 1970 година.

Председател, Антон Павлов одговорен за билетите.

Вкупно Билети Печатени 5.000 x 2 секое = $ 10,000.00
Минус: непродадени билети 2,018 = $ 4,036.00
Вкупно Кеш предадено $ 5,964.00
Забелешка: 2,018 билети на среќа не непредадени (Unaccounted) од страна на Антон Pavlov - 2,018 x 2 = $ 4,036.00

Што се случи со овие непредадени билети? Зошто Антон Павлов не можеше да се отчита со нив, кога тој беше одговорен за нив и со оглед на тоа дека тој беше претседател на лотаријата. Колку иронично дека истиот човек обвинува други за проневера.

Во текот на разговорите за обединување на двете раскарани групи, а ги имаше многу, неколку опции се појавија каде што јас требаше да ја преземам функцијата како привремен претседател на огранокот на Торонто, со надеж дека ќе најдеме компромис и ќе го доведеме двете групи заедно. Но, ова не се случи.

Понатаму, тој пишува: "крилото на националистите (Обединети Македонци) се согласи претседател на организацијата да биде Џон Гивенс". Тоа сепак не значи дека сум бил избран за претседател на таа организација. Генералниот конзул Симовски во писмото пишува: "За сега, тие би го истуркале Џон Гивенс." Но, и тоа не значи дека јас го превзедов претседателството на "Обединети Македонци од Канада". Единствената валидна изјава која одговара на вистината е дека јас бев избран за претседател на Заедничкиот Управен одбор (ЦК) на Обединети Македонци од Северна Америка од страна на првиот конгрес на организацијата, што се одржа во 1970 година, во Торонто, во која беа вклучени сите четири гранки на организација и тоа: Торонто, Хамилтон, Виндзор и Детроит.

Д-р Вражиновски објави писмо од Претседателот на Матицата на иселениците од Македонија, Томе Буглески, во однос на проблемите во Обединети Македонци во 1971 година, а кое беше упатено до Антон Павлов. Томе Буглески, како еден од луѓето кои најдобро беше информирани за нашите проблеми во Обединетите Македонци, го стави прстот право на носот, кога му напиша на Павлов: "Оставете ги личните амбиции и слабости на страна." Павлов како што се сеќавам беше многу амбициозен млад човек и за него се беше можно. Тој сакаше да стане актер. На него му беше дадена можноста да земе учество во филмот "Крвава Свадба", но тоа му беше прв и последен пат во кариерата како актер. Една работа е да сакаш да станеш актер, а друга работа е дали ги имаш способностите да успееш во тоа. Немаше разлика и како член на Обединети Македонци. На конгресот му беше доверена позицијата секретар, но неговото его беше многу поголемо отколку неговите способности. Наскоро, тој поднесе оставка од функцијата секретар на организацијата и заедно со Мориховитис, ја цртаа поделбата на филијалата на Обединети Македонци од Северна Америка.

Писателот продолжува да пишува, "Група приврзаници на Спиро Базел ги повлече парите што ги имаа дадено за изградбата на црквата, кога веќе беа удрени нејзините темели. Кои беа вистинските причини за таквата постапка на оваа група нам не ни се познати". Ние знаеме дека тие луѓе беа редовни членови на Канадскиот Комитет Обединети Македонци, ако не и водечки членови на организацијата во тој период.

Писателот продолжува, "Сумата која што тие ја повлекоа беше доста голема за тоа време и изнесуваше околу 60.000 долари. Со тој чин се постави и прашањето за

понатамошната изградба на црквата." Огромната сума на пари треба да е добар показател дека побарувањето мора да е ништо друго освен една голема лага. Доколку ги погледнеме документите, ќе се види дека 19 најголеми донатори за изградба на црквата донираа вкупно $ 35,747.00, што значи Вражиновски отиде предалеку и претера со вистината.

За да може групата на Спиро Василев да повлече толку голема сума, тие мораа да го донираат од $60.000,00. Колку е поголема лагата, толку повеќе веројатна станува. Документите кои ги имаме не го подржуваат тврдењето на Вражиновски. Всушност, спротивното е точно. Не само што тие не ги повлекоа своите пари, но тие беа некои од најголемите донатори. Вистината за ова обвинување се сведува на еден потпис во банката со кој гарантираш одредена сума на пари за црковниот заем добиен од банката. Еден од гарантите од моето село, беше Никола Т. Џорџ кој првично потпиша гаранција на банката за $25,000.00. Одговорноста на гарантот стапува на сцена само кога црквата е не е во можност да ги исполни своите обврски кон банката.

Документите кои ги имаме не го поддржуваат тврдењето на Вражиновски всушност, спротивното е точно. Не само што тие не ги повлекоа своите пари, но тие беа некои од најголемите донатори.

